Во слободните ученички активности можат да учествуваат сите ученици кои имаат интерес, без оглед на нивниот успех. Личниот интерес на ученикот е од примарно значење при изборот и определувањето на видот на слободните активности.

Слободните активности се поделени во следните групи:

- Слободни активности за проширување на знаењата по одделни наставни предмети;
- Технички слободни активности;
- Слободни активности од работно-производствен карактер;
- Слободни спортски активности;
- Слободни активности од областа на уметноста и културата.

Во рамките на слободните активности од областа на уметноста и културата функционира училишниот хор, со кој раководи наставничката Бесарта Узаири. Согласно наставниот план на Бирото за развој на образованието (БРО), за хорот се предвидени три часа неделно.

Во нашето училиште, во учебната 2026/2027 година, на учениците им се нуди голем број секции, а членувањето во нив, согласно Законот, е на доброволна основа.

Во табелата што следува се прикажани понудените секции, нивните цели, како и наставниците одговорни за нивната реализација.

Ред. Бр.	Секции	Наставници	Недели	Месеци
1.	Литературно-новинарска секција	Bjoca Имери, Фериде Мерџани	1	4
2.	Млади јазичари – англиски јазик	Шќипе Беќири, Фатиме Абдулахи, Дешира Етеми	1	4
3.	Млади математичари	Нецмедин Халиди, Семине Фазлија	1	4
4.	Млади физичари	Бељикза Шабани, Бидајет Ајдини	1	4
5.	Млади хемичари	Бељикза Шабани, Бидајет Ајдини	1	4
6.	Млади биолози	Хаќим Бафтјари	1	4
7.	Млади географи	Флорије Латифи, Илбер Омери	1	4
8.	Млади историчари	Јусуф Шабани	1	4

Ред. Бр.	Секции	Наставници
1.	Драмско-рецитаторска секција	Адем Абдулахи, Bjoca Имери, Фериде Мерџани
2.	Секција за ликовна уметност VI–IX одделение	Адем Абдулахи
3.	Секција за музичка уметност VI–IX одделение	Бесарта Узаири
4.	Ракомет, мал фудбал	Гентијан Салихи, Леутрим Шефити, Хабил Лума
5.	Рецитаторска секција I–V одделение	Сите наставници од одделенска настава
6.	Секција за ликовна уметност I–V одделение	Сите наставници од одделенска настава
7.	Секција за музичка уметност I–V одделение	Сите наставници од одделенска настава

6.3 Акции

Овој вид воннаставни активности опфаќа:

Акции за уредување на училниците и училишната зграда, со цел создавање естетски изглед и пријатна работна средина, развивање навики за одржување на хигиената, зачувување на училишниот имот и поттикнување на чувството за одговорност кај учениците.

.

- Одржување на спортските терени и зелените површини во училишниот двор.
- Организирање приредби, манифестации и настани од хуманитарен карактер.
- Акција за донирање книги на други институции.
- Помош за лица со социјални потреби и лица со попреченост.
- Соработка со Црвениот крст на Општина Тетово

План за активности

Обврска	Активност	Носител	Очекувани резултати	Одговорно лице	Време на реализација
Размена и поделба на учебници	Собирање, проверка и отстранување на оштетени учебници	Одделенски и предметни наставници	Обезбедување на учениците со учебници	Библиотекар Одделенски раководители	Септември
Одбележување на „Денот на мирот“	Садење дрвја	Одделенски и предметни наставници, претставници од Советот на родители	Зеленило и уредување на училишниот двор	Еколошки тим	Септември
Одбележување на „Детската недела“	Собирање финансиски средства	Одделенски наставници	Развивање на хуманитарни вредности кај учениците	Одделенски раководители на I одделение	Октомври

Хуманитарна акција по повод „Денот на гладта“	Собирање финансиски средства во форма на ваучери и собирање храна	Одговорни наставници во соработка со Црвениот крст на Општина Тетово и претставници од Советот на родители.	Помош за семејствата со социјални потреби во нашето училиште	Тим на Црвениот крст	Октомври
Собирна акција	Собирање хартија	Одделенски и предметни наставници,	Развивање на еколошката свест и одржување на хигиената во училишните простории	Одделенски и предметни наставници	Септември – Мај
Одбележување на Неделата за борба против болести на зависност	Предавање и работилница за борба против болести на зависност		Дијагностички тест и тест за евалуација	Сите наставници	Ноември
Одбележување на Неделата против СИДА	Предавање и работилница за борба против СИДА		Дијагностички тест и тест за евалуација	Сите наставници	Декември
Едукација на учениците за давање прва помош	Работилница со практични вежби	Учениците од VII, VIII и IX одделение во соработка со Црвениот крст на Општина Тетово	Ученици оспособени за давање прва помош при секојдневни повреди	Тим на Црвениот крст	Февруари

Одбележување на „Денот на екологијата“	Пролетен хепенинг – садење цвеќиња, трева и нивно одржување во текот на годината	Одделенски и предметни наставници, претставници од Советот на родители	Собирање финансиски средства за градинарско одржување на училишниот простор	Еколошки тим	Март
Одбележување на „Денот на хигиената“	Предавање и работилница		Стекнување навики за одржување на личната и домашната хигиена	Сите наставници	Април
Хуманитарна акција по повод „Неделата на солидарноста“	Собирање финансиски средства		Мотивирање на учениците за подигнување на свеста за солидарност	Тим на Црвениот крст	Мај

7. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И НИВНО УЧЕСТВО

Преку функционирањето на ученичките тела, учениците имаат можност демократски да учествуваат во разгледувањето и донесувањето одлуки за сите прашања поврзани со училишниот живот. Тие учат да развиваат самодоверба и позитивна слика за себе, слободно да го изразуваат своето мислење, да го почитуваат мислењето на другите, да преземаат иницијативи, да прават промени и да донесуваат одлуки. Преку работата на Ученичкиот парламент се унапредува процесот на учење, развивањето на иницијативноста и активното учество на учениците.

На почетокот на учебната година, членовите на Ученичкиот парламент се избираат од класните заедници. До изборот на нов претседател на Ученичкиот парламент за учебната 2026/2027 година, претседател е Ера Сејди, а изборот на ученичкиот правобранител ќе се реализира во месец септември.

Содржини / цели:

- Формирање на Ученичкиот парламент;
- Изготвување на Програма за работа;
- Утврдување на приоритетите и преземање активности;
- Изготвување планови за иницијативи и нивна реализација;
- Вреднување и промоција на постигнатите резултати.

8. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ – ЕКСКУРЗИИ

9.1. План за реализација на екскурзии, настава во природа и еднодневни излети

Согласно Правилникот на Министерството за образование и наука, нашето училиште подготви план за реализација на екскурзии, настава во природа и еднодневни излети за учебната 2026/2027 година.

Рекреативно-спортски еднодневен излет
Место на реализација: Струга – Охрид
Одделенија: од IV до IX одделение

Пролетен еднодневен рекреативно-спортски излет

Место на реализација: Зоолошка градина и Природно-научен музеј

Одделенија: од I до III одделение

План за организација на еднодневна екскурзија за III одделение
Еднодневна екскурзија

Место на реализација: Маврово
Одделение: III одделение
Време на реализација и времетраење: Мај 2027 година, со почеток во 08:00 часот.

9.2 Податоци за учениците опфатени со воннаставните активности

По завршувањето на наставата, учениците имаат можност да се вклучат во воннаставни активности што ги нудат училиштата за странски јазици и спортските клубови.
Во текот на учебната година е планирано да се собираат податоци за бројот на ученици по одделенија кои посетуваат вакви активности.

10. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Училиштето кое континуирано инвестира во својот развој создава позитивна и стимулативна клима и ученици кои ќе го дадат својот максимум во развојот на своите лични афинитети и способности. Во изминатата учебна година учеството на учениците на училишните натпревари беше успешно. Оваа учебна година ќе се залагаме за уште поголемо учество на натпревари на сите нивоа.

Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со успесите со кои го претставува и го афирмира училиштето. Клучот на успехот е во поттикнувањето на мотивацијата и желбата за афирмација на учениците во општеството. Со таа цел, учениците од нашето училиште континуирано учествуваат на натпревари од различни области и на различни нивоа. Начинот на организирање на учениците за учество на предметни натпревари на државно, општинско и регионално ниво го утврдува Министерството за образование и наука, во соработка со Бирото за развој на образованието.

При организирањето и учеството на натпреварите во училиштето се почитуваат сите правила и прописи предвидени за таа намена.

Во согласност со можностите и со Правилникот за наградување на учениците, училиштето ќе обезбеди симболични награди, дипломи и благодарници за најуспешните ученици..

Календар на планираните натпревари во учебната 2026/2027 година

Наставен предмет / натпреварувачки области	Одговорни наставници	Општински одделенија	Училишен натпревар	Општински натпревари	Регионални натпревари	Државни натпревари	Меѓународни натпревари
Албански јазик	Вјоса Имери, Фериде Мерџани	VI;VII; VIII, IX	Март	Април – ЛАШ	Мај ЛА Ш	Мај ЛА Ш	
Англиски јазик	Шќипе Беќири, Фатиме Абдулахи, Дешира Етеми	VI; VII, VIII, IX	Февруари		Март - ELTAM	Февруари "Jahja Kemal"'	
Англиски јазик	Фатиме Абдулахи, Дешира Етеми	IV, V,	Мај				
Француски и германски јазик	Нухи Муса	VI; VII, VIII, IX	Февруари				
Математика	Нецмедин Халиди, Семине Фазлија	VI; VII, VIII, IX	Февруари		Март- април ЛАШ	Мај	plusi
Историја	Јусуф Шабани	VI; VII, VIII, IX	Март		Април ЛАШ	Мај	
Географија	Флорије Латифи, Илбер Омери	VI; VII, VIII, IX	Март		Април ЛАШ	Мај	
Биологија	Хаќим Бафтјари	VI; VII,			Април ЛАШ	Мај	

		VIII, IX					
Природни науки	Хаќим Бафтјари Бељкиза Шабани, Бидајет Ајдини	VI				април	
Хемија		VIII IX				Март "Jahja Kemal"	

Наставен предмет / натпреварувачки области	Одговорни наставници	Опфатени одделенија	Училишен натпревар	Општински натпревари	Регионални натпревари	Државни натпревари	Меѓународни натпревари
Ликовно образование	Адем Абдулахи	VI- IX				Декември: Флора и фауна	
Физичко и здравствено образование	Леутрим Шефити Гентијан Салихи Хабил Лума	VI, VII, VIII, IX	Фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, пинг-понг (машки и женски) Фудбал Кошарка Ракомет	Октомври – Мај Октомври-Мај			
Техничко образование	Адем Абдулахи	V, VI, VII	Октомври	Ноември	Април	Мај	

11.УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ / ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Односите во училиштето меѓу сите структури

Во досегашното работење на нашето училиште постои позитивна клима и добри односи меѓу сите вработени, без разлика на нивната хиерархија и работна позиција. Проблемите и конфликтните ситуации се решаваат преку конструктивен дијалог и меѓусебно почитување. Често се организираат дебати на кои се анализира меѓусебната комуникација со цел нејзино унапредување и подобрување на квалитетот.

Исто така, редовно се организираат заеднички дружења и одбележување на значајни настани и датуми, екскурзии, организирани посети, како и спортски активности во кои учествуваат поголемиот дел од вработените. Покрај тоа, во многу од овие активности се вклучуваат и учениците, родителите и претставници на локалната самоуправа, што дополнително придонесува за зајакнување на соработката и промовирање на човечките вредности.

Сите овие активности се планираат надвор од работното време и не го попречуваат редовното одвивање на воспитно-образовниот процес.

Планираните активности за учебната 2026/2027 година се прикажани во табелата што следува.

Планирани активности за развивање на добри меѓучовечки односи

Месец	Активности	tЦелна група	Место на реализација
VIII	Формирање на тим од претставници на училишните структури за анализа на критичните точки во комуникацијата.	меѓу вработените	Училиште
IX	Изработка на план за активности и негово усвојување на заеднички состанок на сите вработени.	меѓу вработените	Училиште
X	Екскурзија со учениците и сите вработени. Традиционално организирање спортски натпревари помеѓу ученици и наставници во одбојка, народна топка и фудбал.	ученици – вработени	Училиште
XI	Спортски натпревар во одбојка и одбележување на верскиот празник Бајрам.	вработени	Училиште
III	Одбележување на Денот на жената – 8 Март.	вработени	Угостителски објект
IV	1 Април – Ден на шегата и маскенбал.	вработени – ученици – родители	Училиште, непосредна средина
	Спортски натпревар во одбојка помеѓу училиштата од Општина Тетово со учество на претставници од локалната самоуправа.	вработени – ученици – родители	Училиште

Програма за меѓуетничка интеграција во образованието:

Една од важните компоненти на воспитно-образовниот процес и на севкупниот развој на поединецот е заедничкиот живот и меѓусебното почитување на сите етнички заедници во општеството. Покрај содржините застапени во учебниците, во училиштето ќе се реализираат и разновидни активности посветени на оваа тема.

Со цел зачувување и унапредување на мултикултурализмот, се планира организирање на повеќе настани во училиштето и надвор од него, во соработка со локалната заедница и со други училишта кои го реализираат овој концепт. Во нашето училиште ќе се организираат различни тематски настани, екскурзии, приредби и дружења.

Целта на овие активности е преку дружење, забава и креативност учениците да ги запознаат обичаите, традициите и културата на своите врсници од различните етнички заедници.

Во прилог е даден акцискиот план во рамките на оваа компонента на мултикултурализмот.

Цели	Активности	Реализатори	Време на реализација	Ресурси	Очекувани резултати
Продолжување на реализацијата на активностите од проектот ПИНА	Планирање на ИНА активностите во годишната програма	Тим за училишна интеграција	Август 2026	Годишна програма за работа на училиштето	Подготовка на акциски планови за меѓуетнички активности за ИНА во Годишната програма за работа на училиштето
Усогласување на СИТСОТ за планирање на активностите на училишно ниво	Заеднички состанок, активности и изработка на извештај	Училишен тим за реализација на проектот	Август 2026	Акциски планови и извештаи	Заеднички договор, соработка и усогласен план за дадените задачи
Состанок со тимот од партнерското училиште за планирање на заеднички активности	Конкретизирање на заедничките активности меѓу двете училишта	Тимови за училишна интеграција од двете училишта	Август 2026	Акциски план за заеднички активности	Обука и зајакнување на училишните капацитети за реализација на меѓуетничката интеграција во образованието

Зајакнување на училишните капацитети за реализација на меѓуетничката интеграција во образованието	Реализација на сопствени активности, работилници од образованието за животни вештини и активности за демократско учество на учениците	- Тим за училишна - интеграција - Наставници - Ученици - Ученичка заедница - Тим за поддршка на училишната заедница	Септември 2026 – Јуни 2027	- Прирачник - Програма за работа на училишниот тим - Програма за работа на училишната заедница	Успешна реализација на планираните активности во училиштето
Координација на активностите меѓу партнерските училишта, учество на состаноци за размена на искуства со други училишта		- Тим за училишна интеграција Наставници Родители Ученици	Јануари – Јуни 2027	- Акциски планови - Програма за работа - Дневни и тематски подготовки - Правилници	Подготвеност за соработка и интеракција Успешна реализација на активностите за меѓуетничка интеграција со партнерските училишта
Иницирање активности за вклучување на родителите и Општината во меѓуетничката интеграција во образованието и координација на нивната реализација	Соработка со родителите и општината	- Тим за училишна интеграција - Наставници - Родители - Ученици - Совет на родители - Училишен совет	Септември 2026 – Јуни 2027	Акциски планови Програма за работа - Правилници	Активно вклучување и поддршка во имплементацијата и промовирањето на сопствените (самостојни) активности.

Одговорни лица: Тимот за училишна интеграција, педагошко-психолошката служба и директорот.
Координатор: Али Шефити

12. ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

- Проект за имплементација на Еколошкото образование во образовниот систем на Македонија – поддржан од Здружението на граѓани ОХО и Министерството за образование и наука.
- Проект за меѓуетничка интеграција – проект на USAID, поддржан од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.
- Проект за користење на ИКТ во наставниот процес.

Проект	Цел	Реализатор	Време на реализација	Поддржано
Еколошко образование во образовниот систем на Македонија	Развивање на еколошката свест кај учениците, промовирање на заштитата на животната средина и примена на одржливи практики преку едукативни и практични активности.	Еколошки тим	Септември - јуни	МОН, ММЈРН
Меѓуетничка интеграција	Поттикнување на соработката, меѓусебното почитување, толеранцијата и разбирањето меѓу учениците од различни етнички заедници преку заеднички активности.	Тим за меѓуетничка интеграција	Септември - јуни	МОН
Употреба на ИКТ во наставниот процес	Унапредување на квалитетот на наставата и учењето преку ефективна интеграција на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ) во воспитно-образовниот процес.	Сите наставници	Септември - јуни	МОН, BRO

13. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

13.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди. Се вршат споредби на средниот успех, поведението и изостаноците на учениците, како и анализа на постигањата според полот на учениците.

Просечниот успех на учениците во изминатите пет учебни години е прикажан во табелата што следува.

Одделение	Просечен успех – учебна 2021/2022 година	Просечен успех – учебна 2022/2023 г.	Просечен успех – учебна 2023/2024 г.	Просечен успех – учебна 2024/2025 г.	Просечен успех – учебна 2025/2025 г.
IV	4,20	3,97	4,27	4,37	4,16
V	4,43	4,26	4,50	4,27	4,64
Просек (IV-V)	4,41	4,23	4,24	4,32	4,40
VI	3,98	3,99	4,13	3,66	3,85
VII	3,88	3,74	3,93	3,78	3,70
VIII	3,95	3,86	3,78	3,74	4,00
IX	3,83	4,06	3,94	4,29	3,96
Просек (VI-IX)	3,91	3,91	3,95	3,87	3,87
Просек (IV-IX)	4,16	4,07	4,04	4,10	4,05

Училиштето го промовира ставот дека постигањата на сите ученици можат да се унапредат и организира дополнителна настава и слободни ученички активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на работа. На ниво на училиштето се изготвува распоред за реализација на овие програми, согласно планираниот број часови за дополнителна настава и слободни активности.

За дополнителната настава се подготвуваат и посебни известувања за родителите, во кои се укажува на потешкотиите што учениците ги имаат во совладувањето на наставните содржини по одделни предмети. Исто така, редовната настава континуирано се унапредува преку примена на нови проекти, техники и методи на работа.

Учениците со потешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби, најпрво се идентификуваат при запишувањето во прво одделение (преку прашалници во кои родителите ги наведуваат евентуалните потешкотии на детето, мислења од Центарот за ментално здравје, лекарски потврди). Доколку потешкотиите се забележат подоцна, се разговара со наставникот, ученикот и родителот, а по потреба се консултираат и надлежните институции.

Талентираните ученици се идентификуваат преку набљудување од страна на наставникот, анегдотски белешки, оценки и личната педагошка евиденција што ја води секој наставник.

Во училиштето не се спроведува интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, туку се организираат интерни натпревари по различни наставни предмети на ниво на генерација, со цел да се изврши избор на учениците кои ќе учествуваат на организираните натпревари.

Во училиштето е донесен Правилник за пофалби и награди на учениците. Согласно Правилникот се избира најдобра паралелка, ученик на генерацијата, се наградуваат учениците кои постигнале континуиран одличен успех во текот на основното образование, како и учениците кои придонеле за афирмација на училиштето.

Информирањето на учениците и поширокатa јавност за работата и постигнатите резултати на училиштето ќе се реализира во текот на целата учебна година. Информирањето ќе се врши преку јавни обраќања на директорот или овластено лице од училиштето, списанија и весници, стручни публикации како „Просветен работник“ и други стручни списанија, како и преку радио, телевизија и социјалните мрежи.

Училиштето не ги следи постигањата на учениците по преминот од основното во средното образование. Во училиштето пристигнуваат информации за тоа во кои средни училишта учениците го продолжиле своето образование, но не и податоци за нивните постигања во новата средина.

Како поддршка при изборот на средно училиште, училишниот педагог изготвува и реализира Програма за професионална ориентација за учениците од деветто одделение. Доколку постојат можности, ќе се организираат посети на средни училишта или ќе се обезбедат предавачи кои ќе ги запознаат учениците со различни професии.

13.2. Програма за професионална ориентација на учениците

Активности	Ресурси	Соработници	Време на реализација
Анкета со учениците	Анкетни листи	Ученици – стручна служба	Март
Посета од средните училишта и презентација пред учениците	Пропаганден материјал за средните училишта, материјал за презентација	Претставници од средните училишта, професори, ученици и стручна служба	Март – Април
Разгледување на конкурсот за запишување во средно училиште	Конкурс	Ученици, родители, одделенски раководители и стручна служба	Април
Професионална ориентација	Тестови, анализа, извештај	Ученици, одделенски раководители и стручна служба	Април – Мај
Презентирање на добиените резултати – интервју со учениците	Тестови, анализа	Ученици, родители, одделенски раководители и стручна служба	Април – Мај
Разговор со учениците	Конкурс за запишување во средно училиште, пропаганден материјал	Ученици	Мај

Одговорни лица: Тимот за професионална ориентација во училиштето, педагошко-психолошката служба, директорот и класните раководители на IX одделение.

13.3 Промовирање на благосостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и занемарување, како и спречување на дискриминација

Содржините, целите и активностите во оваа област се опфатени во дополнителните програми за: здравствена заштита, превенција од насилно однесување и работа на Ученичкиот парламент. Дел од содржините и активностите ќе се реализираат и за време на часовите на одделенската заедница.

Протокол за постапување во случај на насилство во училиштето.

Акт на насилство

НАСТАВНИК	УЧЕНИК
➢ Наставникот, одделенскиот раководител, предметниот наставник или друго возрасно лице треба веднаш да реагира за да се прекине насилството ➢ Ги разделува учениците доколку станува збор за физичка пресметка ➢ Доколку наставникот процени дека нема да може сам да ја спречи ситуацијата, треба да побара помош од училишното обезбедување, полицијата, друго возрасно лице или стручниот соработник ➢ Повика или обезбедува прва помош во случај на повреда ➢ Доколку станува збор за малтретирање, се бара прекин и посредување меѓу вклучените страни	Ученик кој е жртва или сведок на насилство е должен да побара помош од одделенскиот раководител, наставникот или стручната служба.

Однесување по актот на насилство

Наставник	Ученик	Родител	Стручна служба	училиште
Наставник кој има информации за инцидент на насилство е должен да го извести директорот и стручната служба.	Ученик кој е вклучен во инцидент на насилство е должен да го пријави кај класниот раководител или кај стручната служба.	Родителот на ученикот вклучен во инцидент на насилство е должен да даде изјава на класниот раководител, стручната служба или директорот.	Стручната служба, по пријавувањето на инцидентот на насилство, е должна да го испита случајот, при што зема изјави од сите вклучени страни и од други релевантни субјекти (класната заедница, предметниот наставник, родителите, полицијата, центрите за социјална работа и др.). Стручната служба спроведува советодавни разговори со учениците и родителите, а доколку е потребно, соработува и со други институции. Стручната служба е должна да ги информира директорот, Наставничкиот совет и другите надлежни институции за преземените активности за решавање на инцидентот на насилство.	Училиштето изрекува педагошка мерка за учениците вклучени во инцидент на насилство, во зависност од тежината на стореното дело и согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки на МОН.

ВАЖНИ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ:	ПОЛИЦИЈА 192	БРЗА ПОМОШ 194

Одговорни лица: педагошката служба, директорот и класните раководители

Позитивна социо-емоционална клима

Во наставниот процес не е важно само постигнувањето добри оценки, туку и стекнувањето искуства кои ќе му помогнат на ученикот успешно да функционира во демократското општество. Затоа, остварувањето на воспитно-образовните цели во голема мера зависи од социо-емоционалната клима што владее во училиштето.

Во создавањето позитивна клима во нашето училиште влијаат повеќе фактори кои меѓусебно се поврзани. Дел од нив се релативно објективни и потешко можат да се променат, како што се: големината на средината во која се наоѓа училиштето, бројот на ученици во паралелките, социо-демографската структура на учениците и слично. Другите фактори се субјективни и врз нив може да се влијае, а со тоа да се подобри климата во училиштето и во одделението. Меѓу сите овие фактори, клучна улога има наставникот.

Позитивната клима придонесува и за поголема ангажираност и поквалитетна работа на наставниците во остварувањето на поставените воспитно-образовни цели.

Воопшто, при создавањето на позитивна социо-емоционална клима во нашето училиште, посебно внимание се посветува на емоционалните и социјалните потреби на учениците. Развивањето на позитивно однесување во одделението зависи од способноста на наставникот да ги препознае и задоволи овие потреби. Посебно внимание им се посветува на учениците кои се препознаени како ранлива група, при што нашите наставници се водат според следните принципи:

- Наставникот е подготвен да ги сослуша учениците.
- Наставникот е подготвен да одговори на нивните предлози и сугестии.
- Наставникот е подготвен да ги прифати и разбере нивните чувства.
- Наставникот е подготвен да ги вклучи во наставниот процес и да ги охрабрува за време на работата..

Овие компоненти, кои се дел од меѓучовечките односи во одделението, овозможуваат слобода во комуникацијата, активно учество во донесувањето одлуки, поттикнување на лидерството кај учениците, флексибилност и меѓусебна соработка. На тој начин се создава позитивна, поддржувачка и поттикнувачка емоционална клима во одделението.

Стручната служба во училиштето е задолжена за планирање и координирање на активностите во оваа област, кои се предвидени во Годишната програма за работа на училишниот педагог.

14. ОЦЕНУВАЊЕ

Во училиштето континуирано се следат, вреднуваат и оценуваат постигањата на учениците. Следењето на постигањата се врши индивидуално, групно и колективно, во зависност од педагошката ситуација. Оценувањето се реализира со соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени работи, контролни задачи, есеи, проекти и др.), при што се собираат, евидентираат и обработуваат податоци за напредокот на учениците. Оценувањето се врши согласно критериумите и стандардите утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Училишен план за унапредување на оценувањето во учебната 2026/2027 година

На планирањето на оценувањето на учениците во нашето училиште му се посветува особено внимание, бидејќи тоа претставува сложен и многу чувствителен процес. Во училиштето е воспоставена јасна политика за оценување, со која се дефинирани заложбите за обезбедување објективност, континуитет во оценувањето и поддршка на учениците во остварувањето на поставените цели. Со овие принципи се запознаени и учениците и родителите, а на ниво на училиштето се усвоени соодветни акти, како што се: Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште, како и стандарди и критериуми за секој наставен предмет.

И во оваа учебна година училиштето продолжува со реализација на нови цели и активности за понатамошно унапредување на процесот на оценување. Во продолжение посебно внимание се посветува на оценувањето како целосен и сеопфатен процес.

- Планирање на оценувањето;
- Избор на методи и изработка на инструменти за оценување;
- Спроведување и евалуација на процесот на оценување;
- Формирање на оценката;
- Информирање за резултатите од оценувањето.

Реализацијата на училишниот план за оценување започнува со дијагностицирање на состојбите, анализа на потребите и стручно усовршување на наставниот кадар, по што се утврдуваат приоритетите.

По завршувањето на соодветните анализи, со цел унапредување на процесот на оценување на учениците, за учебната 2026/2027 година се утврдени следните цели:

- Унапредување на континуитетот во оценувањето, со посебен акцент на сумативното оценување.

- Создавање база на податоци која ќе служи за долгорочно следење на успехот и напредокот на учениците. Остварувањето на планираните цели е прикажано во следната табела, преку активности за унапредување на оценувањето.

Обврски	УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕТО																	
Активности	Временска рамка (месец)																Надзор	
	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на реализација (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Потребен буџет	Одговорно лице
Трибина со ученици и родители: „Учиме за знаење, а не за оценки“ – подигнување на свеста кај учениците и родителите за вредноста на учењето, а не само на оценката.													Тим за оценување, психолог, ученици, родители	Презентации на наставници, ученици, дебати	Материјали засновани на светски искуства.	Промена на пристапот кон учењето на учениците, подобрување на успехот и интересот.		
Следење на процесот на оценување – сумативно и формативно оценување и користење на формативните методи за сумативни цели.													Директор, психолог	Училишно планирање на оценувањето, планирање на професионалните материјали на наставниците.	Контролна листа	Континуитет и релабилитет на оценувањето.		

Планирање на сумативното оценување според теми и на крајот на наставните периоди.												наставници	Наставни планови и програми, учебници.	Тематско планирање, дневно планирање.	Ефективно планирање на сумативното оценување.				
Изработка на објективни тестови за проверка на знаењето.												наставници	Тематски цели, стручни материјали, критериуми и стандарди.	Чек-листа, содржина на објективниот тест.	Основа за објективни тестови, подобрување на постигањата на учениците.				
Примена на различни методи во сумативното оценување.												наставници	Материјал за писмена и усна проверка.	Забелешки, инструменти за оценување.	Подобрување на постигањата на учениците за 10%.				

14.1. Видови на оценување и календар на оценувањето

Во училиштето се применува интерно оценување на постигањата на учениците, кое се реализира континуирано во текот на целата учебна година, со анализа на состојбите во четири класификациони периоди и на крајот на учебната година.

Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчено.

Учениците од I до VI одделение во првото и третото тримесечје се оценуваат описно. На полугодието и на крајот на учебната година учениците од I до III одделение се оценуваат описно, додека учениците од IV до VI одделение се оценуваат бројчено (од 1 до 5). Учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчено, со оценки од 1 до 5.

Согласно прописите, ученик од I до V одделение не може да ја повторува учебната година.

Ученик кој поради подолго отсуство од наставата (болест, преселба или други оправдани причини) не ги совладал наставните содржини до крајот на учебната година, по предлог на родителот или одделенскиот раководител и педагошката служба, а со согласност на родителот, може да остане во истото одделение. Одлуката ја донесува Наставничкиот совет на училиштето.

Во текот на воспитно-образовниот процес наставниците се должни индивидуално да го следат напредокот на секој ученик. Примената на стандардите за оценување утврдени од Бирото за развој на образованието е задолжителна.

Основна задача на секој наставник во секој класификационен период е да го мотивира ученикот да стекнува знаења на повисоко ниво, во согласност со образовните стандарди. Од наставниците се очекува континуирано да спроведуваат писмени проверки на знаењата, при што ќе ги применуваат критериумите и стандардите за оценување. Наставниците го планираат и реализираат сумативното оценување (усно и писмено) со примена на различни методи, додека во текот на учебната година континуирано применуваат формативно оценување.

Со цел подобрување на знаењата на учениците, резултатите од формативното оценување, кога е соодветно, се користат и како поддршка на сумативното оценување, со цел да се обезбедат поголема објективност, сигурност и континуитет во процесот на оценување.

Во рамките на секоја паралелка ќе се формираат комисии кои ќе го следат процесот на оценување, неговата објективност, правилност и доследна примена на принципот на континуирано оценување.

Одделенскиот раководител е должен најмалку четири пати во текот на учебната година да ги информира родителите за успехот на учениците.

Информациите се однесуваат на педагошките показатели, општиот успех по предмети, редовноста во посетувањето на наставата и поведението на учениците.

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците во учебната 2026/2027 година ќе се реализира согласно следниот п

Обврски		СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ																
Активности		Временска рамка (месец)															Надзор	
		9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на реализација (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	
Интерна евалуација	Сумативно нумеричко оценување на постигањата на учениците во второто тримесечје (IV – VI)													Наставници	Писмени одговори, разговор, писмена проверка, проекти, активности, самооценување и меѓусебно оценување на учениците, оценување, ученичко портфолио.	Наставен лист, контролни тестови, проекти, квиз прашања, домашни задачи, чек-листа, аналитичка листа, холистичка листа.	Подобрување на наставата и учењето.	
	Сумативно нумеричко оценување со писмена форма на постигањата на учениците во третото тримесечје (VII, VIII и IX)													Наставници	Собирање на постигањата на учениците во текот на одреден период,	Евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за оценување.		

														според стандардите и критериумите за оценување.				
	Сумативно писмено оценување на постигањата на учениците преку писмена проверка (писмени работи)												наставници	Собирање на постигањата на учениците во текот на одреден период, според стандардите и критериумите за оценување.	Евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за постигања, оценување.			

Обврски		СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ																
Активности		Временска рамка (месец)															Надзор	
		9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	Носител	Начин на реализација (ресурси)	инструменти	Очекувани резултати		Одговорно лице
Интерна евалуација	Формативно оценување на постигањата на учениците (усно или писмено)													наставници	Писмени одговори, разговор, писмена проверка, проекти, активности, самооценување и меѓусебно оценување на учениците, оценување, ученичко портфолио.	Наставен лист, контролни тестови, проекти, квизови, прашања, домашни задачи, чек-листа, аналитичка листа, холистичка листа.	Подобрување на наставата и учењето.		
	Писмено сумативно оценување на постигањата на учениците од првото тримесечје (I–III)													наставници	Собирање на постигањата на учениците во текот на одреден период, според стандарди	Евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за оценување.			

													те и критериумите за оценување.				
	Писмено сумативно оценување на постигањата на учениците од второто тримесечје (IV–VI)											наставници	Собирање на постигањата на учениците во текот на одреден период, според стандардите и критериумите за оценување.	Евидентни листи за активности и постигања, стандарди и критериуми за постигања, оценување.			

Писмените проверки на постигањата на учениците се реализираат според однапред утврден план, во согласност со Законот за основно образование, при што се почитуваат утврдените ограничувања (најмногу една писмена проверка дневно и најмногу две писмени работи неделно во иста паралелка).
Овој план важи за учебната 2026/2027 година.

14.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето континуирано се врши следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со утврдените стандарди.
Во согласност со Законот за основно образование, усвоена е постапка за поднесување приговори на оценките, како и начин на информирање на родителите и учениците. Следењето, анализата и поддршката на усогласеноста на оценувањето со утврдените стандарди ги спроведуваат директорот, стручната служба и училишниот тим за оценување.
Сите активности се реализираат во соработка со наставниците од стручните активи и одделенските раководители.

Стручната служба подготвува анализи на постигнатите резултати на учениците, кои претставуваат основа за анализа и унапредување на работата на наставниците.

14.3 Посети на стручната служба за следење и оценување на квалитетот на работата на наставниот кадар

За воспитно-образовната работа во текот на учебната година, директорот и педагогот ќе спроведат четири посети годишно (по две во секое полугодие) кај секој наставник, со цел следење на квалитетот на планирањето и реализацијата на наставата.

Набљудувањето ќе има пред сè информативен и советодавен карактер, со цел да му обезбеди целосна поддршка на наставникот во унапредувањето на квалитетот на неговата работа. Посетите ќе бидат насочени кон идентификување на компетенциите што наставникот ги поседува, областите што треба да се подобрат, како и утврдување на потребите за негов понатамошен професионален развој.

Следењето ќе се реализира според претходно подготвен план за мониторинг или според утврдена потреба, со користење на соодветен инструмент за следење и согласно утврдената постапка:

- Консултации пред реализацијата на наставниот час.
- Следење на наставниот час / Планирање и подготовка на наставата, организација, тек и реализација на наставниот час, комуникација со учениците, оценување на учениците и создавање безбедна и стимулативна средина за учење.
- Советување по спроведеното набљудување на наставниот час.

14.4 Самоевалуација на работата на училиштето

Согласно Законот за основно образование, училиштето спроведува самоевалуација на целокупната работа на секои две години. Самоевалуацијата се реализира согласно Правилникот за самоевалуација во основните училишта и Индикаторите за мерење на квалитетот на работата на училиштето, подготвени од Државниот просветен инспекторат.

Самоевалуацијата ќе ја спроведуваат седум тима составени од одделенски и предметни наставници, стручни соработници и родители, кои ќе работат во следните области: наставни планови и програми, постигања на учениците, учење и настава, поддршка на учениците, училишна клима, ресурси, раководење и креирање политики.

Самоевалуацијата на работата на училиштето беше спроведена за периодот 2021–2023 година. Врз основа на добиените резултати, училиштето продолжува да работи на реализација на целите и препораките што произлегуваат од самоевалуацијата.

15. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во нашето училиште се спроведуваат превентивни програми со цел да се обезбеди безбедна и позитивна работна средина за сите учесници во воспитно-образовниот процес. Посебно внимание се посветува на спречување на сите форми на насилство во училиштето. За таа цел, училишниот тим има изготвено **Протокол за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и несоодветно постапување во училиштето**. Одговорност на сите субјекти е доследно да ја спроведуваат политиката за спречување на насилството. Во текот на оваа учебна година се планира зголемување на активностите насочени кон превенција од различни видови насилство, во согласност со препораките на Министерството за образование и наука.

Во рамките на **Програмата за здравствена заштита** и **Програмата за животни вештини**, учениците се запознаваат со болестите на зависност и со мерките за нивна превенција. Дел од овие превентивни содржини се реализираат и во редовната настава, преку соодветните наставни предмети и содржини.

Заштитата од пожари, поплави и земјотреси е предвидена согласно следниот план:
Заштита од пожари, земјотреси и други елементарни непогоди

Содржина - активност	Цели	Реализатор	Ресурси	Очекувани резултати	Временски период
Тестирање на сигналите за опасност	Утврдување на вистинскиот сигнал	Плански тим	План	Учениците го препознаваат знакот	Септември
Практична вежба против пожар за време на наставата по предметот	Оспособување на тимот за брзо дејствување	Тим за заштита од пожар	Противпожарни апарати	Тимот е подготвен за акција	Ноември
Практична вежба против пожар за време на наставата во училница	Оспособување на тимот за брзо дејствување	Тим за заштита од пожар	Противпожарни апарати	Тимот е подготвен за акција	Март
Евакуација при спроведена активност	Разгледување на пропустите	Наставнички тим	План и записник	Пропустите се разгледуваат и отстрануваат	Март
Практична вежба за давање прва медицинска помош	Оспособување на тимот за прва помош	Тим за прва помош	Медицински материјал	Практична и успешна интервенција	Мај
Евалуација на спроведените активности.	Разгледување на позитивните и негативните страни.	Наставнички тим	Записници	Разгледани се мерките за понатаму.	Мај

Одговорни лица: Али Шефити, Илбер Омери

16. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во училиштето се постапува согласно препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената и заштитата од заразни болести.

Со реализацијата на Програмата за здравствена заштита и здравствено образование се придонесува кон развојот на здрава личност (психички, физички и социјално), способна да се грижи за сопственото здравје, за здравјето на своето семејство, непосредната околина и заедницата. За таа цел, покрај редовната вакцинација и систематските прегледи што ги спроведува Центарот за јавно здравје – Здравствената служба, во училиштето ќе се организираат предавања, стручни презентации и работилници на различни теми, како што се: превенција од туберкулоза, детска парализа, болести на зависност кај младите, ХИВ/СИДА, заразни болести, правилнаисхрана и други.

Грижата за здравјето на учениците ќе се унапредува и преку организирани излети, престој во природа и други активности, при што нивната реализација ќе зависи од потребите на училиштето и од актуелните услови.

Во ООУ „Рецеп Вока“ – Шипковица навремено и редовно се вршат санитарни и систематски прегледи на вработените.

Особено значење има одржувањето на личната и училишната хигиена. Сите учесници во воспитно-образовниот процес се должни да го почитуваат куќниот ред и Кодексот на однесување, во кои, меѓу другото, се утврдени правилата за одржување на хигиената

Училиштето ќе се залага за обезбедување здрава и квалитетна исхрана за учениците и, согласно законските прописи, ќе овозможи организирана исхрана (училишна менза)

Во зависност од потребите на училиштето или од актуелната состојба (епидемии, пандемии и слично), ќе се преземаат дополнителни мерки за заштита на здравјето. Имајќи ги предвид искуствата од изминатите години со пандемијата на коронавирусот, грижата за здравјето останува еден од главните приоритети на училиштето. Посебен акцент ќе се стави на заштитата на здравјето на учениците и вработените преку доследно почитување на сите протоколи и препораки донесени од надлежните институции.

16.1 Хигиена во училиштето

Во текот на летниот распуст училиштето ги презеде сите потребни хигиенско-технички мерки за да биде подготвено за почетокот на новата учебна година, и тоа:

- Генерално чистење и уредување на двете училишни згради;
- Чистење и уредување на подрумските простории;
- Чистење и дезинфекција на санитарните јазли;
- Чистење и дезинфекција на училниците и училишниот инвентар.

Во текот на учебната година, активностите за одржување на хигиената во училиштето континуирано ги реализира техничкиот персонал.

Оперативна програма за хигиената во училиштето и здравјето на учениците					
Планирани активности на програмата	Време на реализација	Вклучени ученици	Одговорен субјект	Форма	Цели и очекувани ефекти
Обезбедување на учениците	Септември	Одделение 1-9	Училиште	Групна	Надомест при евентуални повреди
Недела на борба против туберкулозата	Септември	Одделение 1-9	Наставник	Фронтална	Мерки за заштита и превенција
6 Октомври: Светски ден за грижа за старите лица	Октомври	Klasa 1-9	Наставник	Фронтална	Зголемување на грижата за старите лица во семејството и надвор од него
Предавање на тема – жолтица, заразни болести и заштита	Октомври	Одделение 1-9	Наставник	Фронтална	Како да се заштитиме од жолтица, мерки и заштита
16 Октомври: Светски ден на храната: Разновидна и квалитетна исхрана – важна за здравјето на учениците	Октомври	Одделение 1-9	Наставник	Фронтална	Колку е важна разновидната исхрана и како да ја подобриме
Пушењето, алкохолот и дрогата се штетни за здравјето	Ноември	Одделение 1-9	Наставник психолог – педагог	Фронтална	Заштита и превенција, оддалечување на учениците од овие пороци
Предавање на тема: Грип и превенција од грип	Декември	Одделение 1-9	Стручно лице	Фронтална	Мерки за заштита и превенција од грип
1 Декември – Светски ден на борба против СИДА	Декември	Одделение 1-9	Наставник	Фронтална	Едукација за болеста, како да се заштитиме од оваа болест
Витамини – дополнителни и заштитни материи за здравјето на човекот	Декември	Одделение 1-9	Наставник	Фронтална	Подобрување на здравјето на учениците преку внесување витамини во исхраната
Безбедност и прва помош	Февруари	Одделение 1-9	Наставник Стручно лице	Фронтална	Поголема безбедност на учениците во различни ситуации и помош на лицата на кои им е потребна.

Оперативна програма за грижата на училиштето за здравјето на учениците					
Планирани активности на програмата	**Време на реализација**	**Вклучени ученици**	**Одговорен субјект**	**Начин**	**Цели и очекувани резултати**
Недела на борба против срцеви заболувања 21 – 28.02	Февруари	Одделение 1-9	Наставник	Фронтален	Превенција и заштита
Недела на борба против ракот 01 – 08.03	Март	Одделение 1-9	Наставник	Фронтален	Сознанија за тоа како да се заштитиме од оваа болест
Чиста и здрава животна средина, работна акција	Март	Одделение 1-9	Училиште	Групен	Подигнување на еколошката свест кај учениците
Одбележување на Денот на екологијата	Март	Одделение 1-9	Училиште	Фрупен	Одржување на хигиената во училишниот двор, одржување на здрава и чиста животна средина
Одбележување на 24 Март – Денот на борбата против туберкулозата	Март	Одделение 1-9	Училиште	Фронтален	Како да се заштитиме од оваа болест
Учество на натпревари во кошарка и фудбал	Според распоредот	Одделение 1-9	Наставник	Групен	Правилен развој на телото, спречување на деформитети
Одбележување на 7 Април – Светски ден на здравјето	Април	Одделение 1-9	Наставник	Фронтален	Подигнување на свеста за тоа како да го чуваме и негуваме личното здравје
Учество на еколошки хепенинг на 22.04 – Денот на планетата Земја	Април	Одделение 1-9	Училиште	Групен	Како да ја зачуваме и да се грижиме за чистата животна средина
Еднодневна екскурзија со научно-образовен карактер.	Мај	Одделение 1-9	Училиште	Групен	Физички активности.

16.2 Систематски прегледи и вакцинација

Систематските прегледи и вакцинацијата ќе се реализираат во текот на учебната година, согласно Планот на Министерството за здравство. Со систематските прегледи и вакцинацијата се опфатени учениците од сите одделенија, а тие ќе се реализираат во здравствениот пункт во с. Шипковица.

План за имунизација и систематски прегледи					
Планирани активности на програмата	**Време на реализација**	**Вклучени ученици**	**Одговорен наставник**	**Реализатор**	**Цели и очекувани резултати**
Систематски преглед и ревакцинација со МРП вакцина.	Според распоредот на институцијата	Одделение 1	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на болести и евентуални аномалии
Систематски преглед и ревакцинација со ДТ и Полио вакцина.	Според распоредот на институцијата	Одделение 2	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на болести и евентуални аномалии
Систематски преглед.	Според распоредот на институцијата	Одделение 3	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на болести и евентуални аномалии
Систематски преглед.	Според распоредот на институцијата	Одделение 5	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на болести и евентуални аномалии
Систематски преглед и прва доза од ХПВ вакцината за девојчиња.	Според распоредот на институцијата	Одделение 6-7	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на болести и евентуални аномалии
Систематски преглед и ревакцинација против тетанус и полиомиелитис.	Според распоредот на институцијата	Одделение 8	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на болести и евентуални аномалии

Вакцина против рубеола.	Според распоредот на институцијата	Одделение 8	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Заштита и превенција
Контрола на вакцинацијата со БСЖ вакцина.	Според распоредот на институцијата	Одделение 1-9	Одделенски раководител	Дом на здравје, оддел за имунизација и систематски прегледи	Успешно спроведена претходна вакцинација.

Планирање на активности за превентивна стоматологија и едукација за орално здравје					
Планирани активности на програмата	**Времена реализација**	**Вклучени ученици**	**Одговорен наставник**	**Реализатор**	**Цели и очекувани резултати**
Работилница: „Правилна исхрана и контрола на внесувањето на шеќер“.	Ноември	Одделение 6-9	Одделенски раководител	Училиште	Едукација за орално здравје
Работилница: „Правилна орална хигиена“.	Февруари	Одделение 6-9	Одделенски раководител	Училиште	Едукација за орално здравје
Работилница: „Редовни посети на стоматолог и употреба на флуориди за превентивни цели“.	Март	Одделение 6-9	Одделенски раководител	Училиште	Едукација за орално здравје

16.3 Едукација за здрава исхрана во училиштето

Во рамките на Програмата за здрава исхрана на учениците се планирани активности за промовирање на правилната исхрана, како и предавања за здрава исхрана што ќе ги реализираат родители, здравствени работници и други стручни лица преку воннаставни активности.
Во рамките на редовната настава се обработуваат содржини поврзани со здравата исхрана и здравите животни навики, додека на часовите на одделенската заедница се реализираат теми посветени на правилната и здрава исхрана.

17. УЧИЛИШНА КЛИМА

ООУ „Рецеп Вока“ – с. Шипковица, иако е училиште кое функционира во рурална средина, е препознатливо по квалитетот на својата работа, постигнувањата на учениците во различни области и успешната реализација на својата визија и мисија. Училиштето континуирано се залага за унапредување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, меѓусебното почитување, родовата еднаквост и својот севкупен развој.

Дисциплината и редот во училницата се неопходни предуслови за успешно реализирање на планираните воспитно-образовни цели. За таа цел, училиштето има изготвено Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците. Исто така, доследно се почитува куќниот ред во училиштето.

Сите субјекти во училиштето активно работат на развивање добри меѓучовечки односи, ненасилна комуникација и меѓусебно почитување.

17.1 Дисциплина

Цели на дејствување:

- Континуирана работа со учениците за конструктивно решавање на сите училишни прашања, со цел промовирање на соработка и тимска работа (Ученички парламент, стручна служба, директор).
- Планирање и примена на форми и методи на активна настава кои поттикнуваат позитивна, мотивирачка и соработувачка атмосфера во училницата.
- Континуирана примена на Кодексот на однесување за вработените, учениците и родителите.

17.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Комисијата за уредување на училишниот простор функционира во следниот состав: наставник по ликовно образование, наставник по техничко образование, одговорните наставници од стручните активи и ученици.
Посебно внимание се посветува на промовирањето на работата и постигањата на учениците, преку нивно активно вклучување во работата на Комисијата, каде што можат да предлагаат идеи, иницијативи и решенија.
Одделенските раководители и учениците од секоја паралелка континуирано се грижат за уредувањето и одржувањето на училишниот простор.

17.3 Етички кодекс

Приоритетни активности:

- .

- Соработка за унапредување на процесот на градење атмосфера на меѓусебно почитување и соработка меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес, како основа за успешно реализирање на наставата, подобрување на дисциплината, работната атмосфера и безбедноста во училиштето.
- Примена на Правилникот за однесување на вработените, учениците, родителите и надворешните лица
- Примена и промовирање на моделот на тимска работа и соработка при пристапот кон решавање на различни прашања и проблеми од училишниот живот.

17.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Стратешка цел: Подобрување на системот на комуникација меѓу сите учесници вклучени во воспитно-образовниот процес.

- Да се унапреди процесот на информирање во училиштето.
- Да се зајакне соработката меѓу наставниците во стручните активи.
- Да се унапреди соработката меѓу одделенските раководители и останатите наставници.
- Да се унапреди демократското учество на учениците во училишниот живот.
- Да се воспостави, развива и промовира конструктивна комуникација и соработка меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес (ученици, наставници, родители и Општината како основач), со цел остварување на заедничките цели.

18. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

18.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Тимот за професионален развој на наставниот кадар спроведува анкета за стручното усовршување на наставниот кадар, со цел да се утврдат и дефинираат потребите за дополнителни обуки.
Наставниците и стручните соработници изготвуваат личен план за професионален развој, со цел самовреднување и утврдување на потребите за унапредување на нивните професионални компетенции.
Во рамките на стручните активи се вршат анализи и се планираат содржини за професионален развој.
Преку работата на стручните органи во училиштето, навремено се пренесуваат информации и се планира учеството на наставниот кадар на обуки и семинари организирани и одобрени од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и други релевантни институции.
Во училиштето редовно се ажурира професионалното досие за секој наставник.

18.2 Активности за професионален развој

Тимот за професионален развој, врз основа на извршените анализи, утврдените потреби и дефинираните содржини, изготвува план и програми за професионален развој (програми за стручните активи и програма за професионален развој), кои опфаќаат интерни обуки и работилници, како и обуки организирани од надлежните институции.
Во текот на оваа учебна година, согласно насоките на Бирото за развој на образованието, ќе се реализираат обуки за сите наставници.

18.3 Личен професионален развој

Наставниците и стручните соработници, согласно прописите на Министерството за образование и наука, изготвуваат личен план за професионален развој.
Во планот се определуваат компетенциите што треба да се стекнат или унапредат, активностите што ќе се преземат за нивно подобрување, потребните ресурси, временската рамка и очекуваните резултати.
На крајот од учебната година се подготвува извештај за реализацијата на личниот план.
Активностите за индивидуален професионален развој се реализираат и следат во соработка со Тимот за професионален развој и директорот.

18.4 Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се реализира и преку хоризонтално учење, односно учење еден од друг. Тоа се остварува преку различни организирани форми на споделување знаења и размена на професионални искуства во рамките на училиштето, како и во соработка со други училишта.

Особено значење за хоризонталното учење има тимската работа, која овозможува рефлексија, вреднување на стекнатите искуства и размена на добри практики. Формите и методите за негова реализација се инкорпорирани во програмите за работа на стручните органи на училиштето, акционите планови и Програмата за професионален развој.

18.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Од самоевалуација на училиштето до визија за професионален развој на ниво на училиште

Резултатите од процесот на самоевалуација на училиштето, спроведен во периодот септември – јуни 2023 година, претставуваат основна основа за реално согледување на потребите за професионален развој на ниво на училиштето.

Во текот на самоевалуацијата беа утврдени и приоритетните активности што ќе се реализираат во наредниот период во оваа област:

- Соработка поврзана со имплементацијата на Новиот концепт за основно образование во I, II, III, IV, V, VI, VII и VIII одделение.
- Едукација на сите наставници за користење на расположливите технички средства и опрема во училиштето.
- Едукација за примена на ефективни наставни техники и ресурси.
- Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Едукација на наставниците за изработка на интегрални планирања со цел постигнување меѓупредметни цели.
- Примена на активни методи и форми на работа, со посебен акцент на предметната настава.
- Стекнување сертификати за професионално усовршување на наставниците.
- Планирање на формативното и сумативното оценување во тематските и дневните планирања, со акцент на оценување според утврдени критериуми.
- Ефикасна реализација на дополнителната и додатната настава во одделенската и предметната настава.
- Подобрување на квалитетот на работата на стручните активи, со акцент на меѓусебната поврзаност, постигнувањето на меѓупредметните цели и соработката меѓу активите во училиштето, како и со активите од други училишта.

- Унапредување на воннаставните активности и зајакнување на соработката на училиштето со локалната заедница.
- Поголемо учество на учениците на училишни натпревари.

19. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

19.1 Вклучување на родителите/старателите во работата на училиштето

Вклучувањето на семејството и локалната заедница во работата на училиштето претставува еден од клучните фактори за постигнување подобри резултати на учениците, како и за создавање поотворено и подемократско училиште. Врз основа на заедничките интереси на училиштето и родителите, училиштето им овозможува на родителите активно да се организираат и да учествуваат во училишниот живот.

Советот на родители се формира со цел организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште. Родителите се организираат во Совети на родители на ниво на секоја паралелка и во Совет на родители на ниво на целото училиште. Од Советите на родители на паралелките се избира по еден претставник од секоја паралелка, кој се избира на родителска средба и станува член на Советот на родители на ниво на училиштето. Од редот на членовите на Советот на родители се избираат и претставници во Училишниот одбор.

Првата седница на Советот на родители ја свикува директорот на училиштето, а понатамошните седници ги свикува претседателот на Советот.

Согласно Законот, Советот на родители ги има следните надлежности:

- Дава мислење по предлог-програмата за развој на основното училиште и по Годишната програма за работа;
- Го разгледува извештајот за работата на училиштето;
- Предлага програми за подобрување на стандардите во наставата;
- Дава согласност на предлозите на директорот за постигнување повисоки стандарди во работата;
- Разгледува претставки и поплаки од родителите во врска со воспитно-образовната работа;
- Избира претставници во Училишниот одбор;
- Врши и други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Задача на претставникот на паралелката е да му помага на одделенскиот раководител во реализацијата на програмските задачи и другите активности поврзани со психофизичкиот развој на учениците.

Активностите на Советот на родители се реализираат согласно Програмата за работа на овој орган, која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

19.2 Вклучување на родителите/старателите во наставниот процес и воннаставните активности

Родителите континуирано ќе бидат вклучени во наставниот процес и ќе бидат информирани за наставниот план и програма, како и за текот на наставата, преку следните форми:

- Преку Советот на родители;
- Преку индивидуални и групни средби со наставниците;
- Преку стручната служба на училиштето;
- Преку електронскиот дневник (е-Дневник).

Во активностите на училиштето

Ќе се земаат предвид предлозите и сугестиите на родителите во врска со нивното учество во различни манифестации (различни училишни акции, изложби и сл.), како и при организирање посети на институции и објекти кои се тесно поврзани со наставниот план и програма.

Во донесувањето одлуки

Како членови на училишните органи, родителите активно ќе учествуваат во давањето предлози поврзани со организацијата на екскурзиите, опремувањето на училиштето, организирањето презентации и трибини на теми од интерес за учениците и родителите, уредувањето на училишниот простор и други прашања.

19.3 Едукација на родителите/старателите

Ќе се организираат едукативни работилници за родителите во рамките на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите. Ќе се реализираат средби со стручната служба заради советување на родителите, како и индивидуални и средби во мали групи со едукативен карактер.

Изработка на брошури за родителите

Со цел родителите подобро да се запознаат со организацијата и работата на училиштето, ќе се изработи брошура која ќе им биде доставена на родителите и на сите заинтересирани за нашето училиште.

20. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

20.1 Комуникација со локалната заедница

Оваа програмска област се планира со цел сите ресурси на локалната заедница да бидат ставени во функција на училиштето и да придонесуваат за унапредување на воспитно-образовната работа. Преку оваа област се реализираат следните задачи:

- Користење на материјалните можности на локалната заедница за унапредување на работата на училиштето;
- Збогатување на воспитно-образовниот процес преку користење на ресурсите на институциите од областа на културата, спортот и други области;
- Организирање заеднички културно-уметнички, образовни, спортски и други манифестации со другите училишта од општината;
- Унапредување на воспитно-образовната работа преку размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар и со другите училишта во општината.

Со цел успешно реализирање на поставените цели, училиштето одржува високо ниво на соработка со локалната самоуправа и локалната заедница.
Комуникацијата најчесто се одвива усно и непосредно, додека официјалната комуникација се реализира по писмен и електронски пат.
Дел од културно-образовните активности во училиштето ќе се реализираат во соработка со локалната заедница, а преку Детската организација ќе се организираат разновидни акции од заеднички интерес за училиштето и локалната средина.
.

План за активности за соработка со локалната средина

Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Ресурси	Очекувани резултати
Средби со здруженија за уметност и литература	Се определува според потребата	Членови на секциите-групата и наставникот	Лични изработки според желбите и според барањата	Соработка, дружење
Соработка на ученичките заедници	Се определува според потребата	Членови на ученичката заедница и одговорни наставници	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштето
Соработка и средби со организации за деца од одделенската заедница	Се определува според потребата	Членови на организациите за деца и наставници	Изготвени програми	Подобрување на работата во училиштето
Професионална соработка меѓу училиштата	Ноември – март	Наставници, директор	Стручна литература според желбата	Подобрување на работата во училиштето
Учество на различни заеднички спортски манифестации	Се определува според потребата	Членови на секциите и наставник	Материјал според желбата на учениците	Соработка, дружење
Соработка со средните училишта и нивна промоција	Мај	Ученици, наставници, директор	Годишни програми на наставниците	Подобро информирање на учениците ќе им помогне при одлуката за продолжување на нивното образование
Училиштето и локалната средина	Според потребата	Училиштето и локалната средина	Програми и проекти	Зајакнување на соработката
Постојана соработка со установи и претпријатија	Континуирано	Директор и претседател на Училишниот совет	Програми	Подобрување на условите во училиштето
Учество и посети на манифестации од јавен интерес	Континуирано	Вработени и ученици	Документи и декларации	Подобрување на културното ниво
Презентација на постигањата на училиштето.	Јуни	Директор и стручни	Лични изработки според желбите и	Афирмирање на училиштето.

		соработници	според барањата	

20.2 Соработка со институции од областа на културата и образованието

Со цел поуспешна реализација на наставните планови и програми, како и полесно усвојување на наставните содржини, се планираат посети на институции и културни манифестации што ќе придонесат за збогатување на знаењата на учениците:

- Градски театар;
- Градски музеј;
- Универзитетите во градот;
- Градска библиотека и Саем на книгата;
- Изложби;
- Шарена џамија.

Соработката со други образовни и научни институции подразбира соработка со основните училишта од Општина Тетово, од градот и пошироко. Таа ќе се реализира преку активности поврзани со наставата и воннаставните активности, како што се: натпревари по знаење од различни области, уметнички хепенинзи, литературни читања и различни спортски натпревари.

Исто така, се планираат посети на институции од значење за наставниот процес:

- Пошта;
- Посета на Хидроцентралата Тетово;
- Посета на верски објекти;
- Посета на Општина Тетово.

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од I до IX одделение ги планираат наставниците во своите годишни програми за работа. Овие посети се планираат и реализираат со цел да се искористат како ефикасни ресурси за учење и стекнување поширoки знаења.

20.3 Соработка со други институции

Соработката на училиштето со здравствените институции најчесто се реализира со здравствениот дом, во рамките на предвидените активности за здравствена заштита на учениците.

Во рамките на реализацијата на планираните проекти ќе се остварува и соработка со невладиниот сектор и здруженијата на граѓани кои ги поддржуваат овие активности.

Училиштето е активен поддржувач на спортот, а нашите ученици постигнуваат значајни резултати во оваа област. Тоа придонесе за воспоставување соработка со спортските друштва и клубови кои функционираат на територијата на Општина Тетово. Најуспешна соработка се остварува и се планира со фудбалските клубови Шкендија и Ренова, кои на нашите ученици им овозможуваат бесплатно присуство на натпревари, средби со спортисти и членство во младинските клубови.

Програма за посети на учениците надвор од училиштето

Планирани посети	Цели	Активности	Реализатори	Учениците што учествуваат	Временска рамка	Очекувани ефекти
Посета на зоолошка градина	Поврзување на теоријата со практиката	Домашни, диви животни и птици	Одделенски наставник	Ученици од I–V одделение	Прво полугодие Октомври	Длабоки знаења за животните и птиците во зоолошката градина
Посета на театар	Запознавање со театарската уметност	Театар за деца и млади	Одделенски наставник	Ученици од I–V одделение	Прво полугодие Месец ноември	Љубов кон театарската уметност, создавање навика за посета на театар.
Посета на културно-историски споменици, значајни градби од минатото и	Да ја почитува традицијата и културното наследство на сопствената и другите заедници во родниот	Театарска или куклена претстава	Одделенски наставник	Ученици од I–IX одделение	Второ полугодие Месец април	Запознавање со различни луѓе и меѓусебно почитување Класификација на стари и нови градби.

денес	крај					
Посета на автобуска станица, железничка станица	Да ги познава и именува најзначајните објекти во непосредната околина	Културно-историски споменици	Одделенски наставник	Ученици од I–V одделение	Второ полугодие Месец мај	Ја знае важноста на најзначајните објекти во градот Сигурни учесници во сообраќајот.
Посета на етнолошки и природонаучен музеј.	Да ги познава и именува најзначајните објекти во непосредната околина.	Значајни градби некогаш и денес	Предметен наставник	Ученици од VI–IX одделение	Второ полугодие Месец април	Проширени и длабоки знаења за културните традиции, обичаи, народни носии и инструменти.

20.4 Соработка со медиумите

Со цел подобро информирање на заинтересираните страни, како и промоција и градење на позитивен имиџ на ООУ „Рејеп Вока“, училиштето соработува со печатените и електронските медиуми во регионот.

Националните и локалните телевизии се долгогодишни партнери на училиштето во оваа област, а соработката ќе продолжи и во текот на наредната учебна година. Исто така, дневниот печат и социјалните мрежи претставуваат значајни канали за промоција на работата и активностите на училиштето.

Творештвото и постигнувањата на учениците се промовираат и во списанија наменети за деца. Најчесто, како средство за промоција на работата и успесите на училиштето се користи интернетот. Училиштето има своја група на социјалните мрежи, каде што навремено се објавуваат информации и известувања.

На почетокот на секоја учебна година се изработува информативен флаер за Годишната програма за работа на училиштето, кој е наменет за родителите, учениците, локалната заедница, претставниците на локалната самоуправа и другите заинтересирани страни. Активностите во оваа област на соработка се прикажани во табелата што следува.

	Планирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Содржини за објавување	Очекувани ефекти
МЕДИУМИ	Објавување на материјал (текст и фотографии) во списанија	Во текот на учебната година	Одговорни наставници и ученици	Галерии на уметноста, хепенинзи, еколошки акции на младите и граѓаните, патронен празник, саем на книга, значајни манифестации и постигања на учениците	Афирмирање на училиштето
ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ	Национални и локални телевизии	За време на Денот на училиштето, по повод манифестации и одредени настани	Одговорни наставници и ученици	Забавни содржини посветени на Денот на училиштето, содржини поврзани со активности од актуелни настани	Промовирање на постигањата
	ИНТЕРНЕТ	Во текот на учебната година.	Адем Абдулахи Тим на ученици.	Училишен флаер, Годишна програма, Програма и извештај за полугодие.	Транспарентно информирање за работата на училиштето.

Одговорен наставник: Шќипе Беќири.

21. СЛЕДЕЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Следењето на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето се заснова на Планот за развој на училиштето, насоките од самоевалуацијата на училиштето, како и на законските и подзаконските акти врз кои се темели нејзината изработка и реализација.

Директорот на училиштето и стручната служба изготвуваат полугодишен и годишен извештај за реализацијата на Годишната програма, врз основа на извештаите на наставниците и стручните соработници одговорни за одделни области, како и врз основа на сопствените согледувања и следењето на реализацијата.

Овие извештаи се разгледуваат и усвојуваат од Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор. Копија од извештаите се доставува и до надлежната служба во секторот за образование на основачот.

22. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Евалуацијата на реализацијата на активностите предвидени со Годишната програма ќе се спроведува во рамките на работата на стручните органи на училиштето, според утврдена динамика во текот на класификационите периоди (ноември, јануари, април и јуни).

Евалуацијата ќе се врши со користење на соодветна педагошка документација (чек-листи, извештаи, евиденција во дневниците за работа, анкети и друга документација), преку анализа на постигнатите резултати, донесување заклучоци и предлагање мерки за понатамошно унапредување на работата на училиштето.

23. ЗАКЛУЧОК

Годишната програма за работа на училиштето претставува значаен документ, изработен врз основа на законските прописи, нормативните акти, Планот за развој на училиштето, самоевалуацијата, донесените одлуки, анализата на годишните извештаи за работата на училиштето, најновите измени и дополнувања на наставните планови и програми, како и други релевантни документи.

Со цел обезбедување јасност, логичност и прегледност во планирањето, воспоставен е јасен систем на цели, задачи и активности, како и соодветна стратегија за следење и евалуација на очекуваните резултати. Прецизно се утврдени временските рокови за реализација на активностите, носителите на програмите, како и очекуваните резултати.

При изготвувањето на Годишната програма беа земени предвид просторните услови со кои располага училиштето, како во централното училиште во с. Шипковица, така и во подрачното училиште во с. Бродец.

Програмата содржи општи податоци за училиштето, наставниот и ненаставниот кадар, органите на управување, учениците, приоритетните области за развој, наставните и воннаставните активности, екскурзиите, проектите што ќе се реализираат, грижата за здравјето и безбедноста на учениците, промовирањето на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција, поддршката на учениците, системот на оценување, самоевалуацијата на училиштето, следењето на наставата, училишната клима, професионалниот и кариерниот развој на наставниците, соработката со родителите, комуникацијата со јавноста и промоцијата на училиштето.

Вработените активно ќе бидат вклучени во реализацијата на сите активности предвидени со Годишната програма. Преку воспитно-образовниот процес ќе се стремиме да ги задоволиме и развиеме индивидуалните интереси и способности на учениците, вклучувајќи ги во секции, спортски клубови и други воннаставни активности што ги нуди училиштето.

Во согласност со интересите и способностите на нашите ученици, активно ќе учествуваме на сите натпревари организирани од општината, градот, други училишта, невладини организации, како и на натпревари организирани во рамките на самото училиште, со поддршка и менторство од наставниците.

Родителите ќе бидат активно вклучени во наставниот процес и редовно ќе бидат информирани за наставните планови и програми преку Советот на родители, индивидуални и групни средби со наставниците, стручната служба на училиштето и електронскиот дневник (е-Дневник).

Нивното учество ќе биде насочено кон давање поддршка при изработка на наставни и дидактички материјали, предлагање идеи и учество во различни манифестации, еколошки активности, изложби и хуманитарни акции кои се поврзани со воспитно-образовната програма.

Членовите на Советот на родители, Ученичката заедница и училишните органи активно ќе учествуваат во давањето предлози и иницијативи за уредување на училишниот двор и просторот на училиштето, како и за унапредување на целокупната работа на училиштето.

Училиштето ќе продолжи со успешната соработка со локалната заедница, Општина Тетово, меѓународните организации и невладиниот сектор преку реализација на различни проекти, хуманитарни акции и други активности.

Во нашата работа ќе продолжиме да бидеме транспарентни, отворени за соработка и посветени на постојано унапредување на партнерството помеѓу наставниците, учениците и родителите, како основа за успешно функционирање и понатамошен развој на училиштето.

24. ТИМ КОЈ УЧЕСТВУВАШЕ ВО ПОДГОТОВКАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Директор: Мериде Саити

Стручна служба

Претседатели на стручните активи

25. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), член 108 став (1).
2. Правилник за формата и содржината на Развојната програма и Годишната програма за работа на основното училиште (членови 1, 6, 7, 12, 13 и 14).
3. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.
4. Правилници и подзаконски акти (Статут на училиштето, Етички кодекс, Деловник за работа на органите и други), како и: Правилник за начинот на водење и содржината на педагошката евиденција и документација во основните училишта, Правилник за работа на комисиите, Правилник за одделенско раководство, Правилник за работното време, Правилник за работата на наставниците и стручните соработници и други.
5. Наставни планови и програми за основното образование.
6. Развојна програма на училиштето.
7. Извештај за работата на училиштето за учебната 2025/2026 година.
8. Извештај од последната интегрална евалуација.
9. Извештај од самоевалуацијата на училиштето.
10. Извештај за финансиското работење на училиштето (записници од седниците на Училишниот одбор и Наставничкиот совет).
11. „Наставник – од наставник почетник до ментор“ – Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта.
12. „Стручен соработник – од стручен соработник почетник до ментор“ – Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта.
13. Национална програма за развој на образованието во Република Северна Македонија.
14. Закон за организација и работа на органите на државната управа.

Директор

Претседател на Училишниот одбор

_____

_____

ПРИЛОЗИ

- Програми за работа на: директорот, педагогот, библиотекарот, Училишниот одбор, Советот на родители, Наставничкиот совет и стручните активи.
- Програма за едукација против корупцијата.
- Програма за заштита и спасување од природни непогоди.
- Програма за инклузивниот тим.
- Кодекс за однесување на учениците, наставниците, другите вработени и родителите.
- Програма за работа на Ученичката заедница.
- Програма за реализација на училишните екскурзии.
- Програми за работа на стручните активи.

ГОДИШЕН ПЛАН
ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО

1. ВОВЕД

Глобалниот годишен план за работа на директорот, пред сè, се заснова на поставените цели, задачи, насоки и упатства содржани во следните документи:

- Одредбите од Законот за основното образование, како и другите закони и подзаконски акти што се однесуваат на основното образование, правата и обврските на вработените во оваа област;
- Наставните планови и програми за основното образование.

2. РАСПРЕДЕЛБА НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ДИРЕКТОРОТ (НЕДЕЛНО)

Во рамките на 40-часовната работна недела, директорот на училиштето своите работни активности, покрај другото, ги насочува кон следните активности:

1	Педагошко-инструктивна работа
2	Советодавна работа со родители и ученици
3	Соработка со потесната и поширокатa општествена средина
4	Соработка со стручните органи на училиштето и другите органи
5	Соработка со Училишниот одбор и другите совети
6	Соработка со ученичките организации и Советот на родители
7	Административно-правни работи
8	Аналитичко-истражувачка работа
9	Работа со педагошката евиденција и документација

3. ГЛОБАЛНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Поаѓајќи од целите и задачите утврдени во претходно наведените документи, како и имајќи ги предвид условите и потребите на училиштето, директорот во текот на учебната година своите активности ги насочува кон следните задачи, со цел обезбедување квалитетна работа на училиштето и успешно остварување на поставените цели:

- Го претставува и застапува училиштето и е одговорен за законитоста на неговото работење;
- Ја организира, планира и раководи работата на основното училиште;
- Го следи и унапредува воспитно-образовниот процес во училиштето;
- Ги организира административно-техничките подготовки за успешен почеток на учебната година;
- Врши распределба на наставните часови по наставни предмети и наставници;
- Врши распределба на паралелките;
- Формира училишен инклузивен тим;
- Го следи и унапредува воспитно-образовниот процес;
- Организира активности поврзани со формирањето на паралелките во прво одделение;
- Врши избор на образовни асистенти;
- Се грижи за навремено пополнување на работните места;
- Одговара за остварувањето на правата на учениците;
- Го конституира Ученичкиот парламент;
- Ги контролира досиејата на наставниците и стручните соработници;
- Извршува други работи согласно Законот и Статутот на училиштето;
- Ги планира активностите од аналитичко-истражувачката работа;
- Организира активности поврзани со тимската работа на наставниците;
- Организира активности за санација и уредување на училиштето;
- Ги координира активностите на Детската организација;
- Ги координира активностите на Советот на родители;
- Развива соработка со други училишта, институции и организации за успешно функционирање на училиштето;
- Го следи воспитно-образовниот процес и активностите за професионален развој на наставниот кадар;
- Организира активности за соработка со средствата за јавно информирање, детските списанија и други медиуми;
- Посетува наставни часови и врши анализа на нивната реализација;
- Ги следи дневните подготовки на наставниците и дава насоки и совети за подобрување на квалитетот на наставата.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – АВГУСТ

1. Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа во училиштето согласно новите наставни планови и програми, како и иницирање заеднички состаноци на ниво на стручните активи при изработката на глобалните и тематските планирања и програмите на стручните активи.
2. Информирање на наставниците за измените во наставните планови и програми за учебната 2026/2027 година, за начинот на нивната реализација и обврската за навремено информирање на родителите.
3. Формирање комисија за прием и распределба на новопристигнатите учебници за учениците од I до IX одделение.
4. Подготовка и организација на седниците на Наставничкиот совет.
5. Подготовка на личната програма за работа на директорот.
6. Распределба на наставните часови по наставни предмети и наставници, определување на одделенски раководители, наставници одговорни за ученичките организации, слободните ученички активности и дополнителната и додатната настава..
7. Координирање на активностите за обезбедување на потребните техничко-материјални услови за успешен почеток на учебната година.
8. Организирање на наставниците за учество на семинари, обуки и други форми на стручно усовршување.
9. Преземање активности за обезбедување наставен кадар за сите наставни предмети и одделенија.
10. Учество на седниците на Училишниот одбор во врска со разгледувањето и усвојувањето на Годишната програма за работа на училиштето.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – СЕПТЕМВР

1.Прием на учениците од прво одделение и нивно распоредување по паралелки.
2.Грижа за распределбата на новопримените учебници за учениците од I до IX одделение.
3.Работа со наставниците почетници и нивно упатување кај наставникот – ментор, како и соработка со педагогот.
4.Следење на подготвените тематски и глобални планирања, нивно протоколирање и аналитички преглед на сите доставени планови до директорот, со посебен акцент на имплементацијата на стандардите за оценување на учениците во предметната настава.
5.Организирање на Наставничкиот совет и состанок на Училишниот одбор во врска со усвојувањето на Годишната програма за работа и приемот на вработените.
6.Разговори со одделенските раководители на првите одделенија во врска со организациските проблеми.
7.Учество во формирањето на ученичката заедница во училиштето.
8.Следење на активностите поврзани со утврдувањето на куќниот ред (кодексот).
9.Состаноци со одделенските раководители од предметната и одделенската настава кои преземаат паралелки.
10.Следење на изборот и реализацијата на изборните предмети.
11. Следење на реализацијата на активностите во рамките на проектите и програмите во кои е вклучено училиштето.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – ОКТОМВРИ

1. Посета на часови во прво одделение (следење на адаптацијата на првачињата)
2. Следење на примената на нови образовни форми, методи и средства
3. Учество во работата на Советот на родители
4. Следење на организацијата и работата на слободните, дополнителните и додатните активности
5. Посета на часови во шесто одделение (следење на нивната адаптација кон предметната настава)
6. Следење на редовноста и квалитетот на дневните подготовки
7. Организација и прием на првачињата во Детската организација
8. Следење на евиденцијата, одделенските дневници и главната книга
9. Следење на започнувањето на системот за греење во училиштето
10. Следење на имплементацијата на стандардите за оценување на учениците во предметната настава.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – НОЕМВРИ

1. Средби со родители и одделенски раководители, разговор за подобрување на дисциплината
2. Посета на часови во паралелки по избор (според потребите) и консултации за посетените часови со наставниците и стручните работници
3. Организација и подготовка на Советите за првото тримесечје и учество на состаноци со посебен акцент на оценувањето
4. Следење преку посети на подрачното училиште во с. Бродец
5. Следење на реализацијата на активностите во рамките на проектите и програмите во кои е вклучено училиштето.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – ДЕКЕМВРИ

1. Следење на работата на слободните ученички активности
2. Разговори со стручната служба за следење на квалитетот на оценувањето на знаењата на учениците и понуда на решенија за подобрување на успехот кај учениците, како и работа со ученици со посебни потреби и талентирани ученици
3. Следење на работата на стручните активи во предметната и одделенската настава
4. Учество на родителски состаноци (според потребите)
5. Следење на педагошката и административната евиденција
6. Посета на часови по предметна настава во рамките на слободните ученички активности
7. Следење на комисијата за запишување
8. Следење на организацијата на натпревари во училиштето по сите наставни предмети
9. Присуство на состаноци на Ученичките заедници

МЕСЕЧЕН ПЛАН – ЈАНУАРИ

1. Организација и одржување на состаноци на одделенските совети од I–IX одделение по завршувањето на првото полугодие
2. Подготовка на извештај за работата во првото полугодие на училиштето
3. Организација на подготовките за почетокот на второто полугодие
4. Одржување на Наставнички совет и анализа на успехот во првото полугодие со акцент на реализацијата на стандардите за оценување
5. Реализација на новиот концепт на основното образование во одделенијата I–VI.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – ФЕВРУАРИ

1. Посета на часови каде се реализира изборна настава
2. Следење на работата на стручните активи
3. Следење на редовноста на дневните подготовки и нивниот квалитет
4. Учество во активности од областа на професионалното информирање на учениците
5. Посета на часови во одделенска настава со консултативна цел
6. Следење на реализацијата на активностите во рамките на проектите и програмите во кои е вклучено училиштето.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – МАРТ

1. Следење на реализацијата на проектите и програмите во кои е вклучено училиштето
2. Следење на водењето на педагошката евиденција и документацијата
3. Следење на редовноста и квалитетот на дневните подготовки
4. Следење на неоправданите изостаноци кај учениците
5. Соработка со одделенските раководители за подобрување на успехот на учениците
6. Организација и одржување на одделенски совети
7. Анализа на постигнатите резултати во третото тримесечје и резултатите од примената на стандардите за оценување.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – АПРИЛ

1.Следење на работата на училишната библиотека
2.Посета на часови по АТ со информатика
3.Посета на часови во одделенска настава и консултации со наставниците
4.Координација на активностите за ученички екскурзии
5.Учество во работата на одделенската заедница
6.Учество во областа на професионалната ориентација
7.Организација за запишување на ученици во прво одделение.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – МАЈ

1. Организација на запишувањето на учениците во прво одделение (насочување од педагогот, комисија)
2. Учество на родителски состаноци со учениците од деветто одделение во врска со изборот на професија
3. Следење на програмите за научни екскурзии на учениците
4. Разгледување на резултатите од општинските натпревари на учениците и предлагање мерки
5. Следење на реализацијата на активностите во рамките на проектите и програмите во кои е вклучено училиштето.

МЕСЕЧЕН ПЛАН – ЈУНИ

1. Организација на одделенските совети на крајот на учебната година
2. Информација за учениците запишани во прво одделение
3. Подготовка на анализи, информации и статистички податоци за целокупната работа на училиштето
4. Следење на педагошката евиденција и документацијата
5. Организација и одржување на Наставнички совет
6. Информација за состојбата на учениците запишани во прво одделение.

Забелешка: Програмата може да се дополнува и менува според потребите што ќе се појават во текот на реализацијата на воспитно-образовната работа.

Директор
Мериде Саити.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

Учебна 2026/2027 година

ВОВЕД

Училишната библиотека претставува составен дел од целокупниот воспитно-образовен процес што се реализира во нашето училиште. Преку библиотеката се остварува поврзаност меѓу наставниот процес, наставниците и учениците.

Училишната библиотека ги насочува учениците кон доживотно учење и придонесува за развојот на нивната имагинација. Истовремено, таа нуди бројни можности не само за учениците, туку и за наставниците, со што придонесува за унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето.

Библиотеката на нашето училиште располага со голем број задолжителни лектири, како и со стручна литература потребна за учениците и наставниците. Основна обврска и цел на библиотеката е нејзиното континуирано збогатување со современа литература и други наставни и информативни материјали кои ќе ги задоволат потребите на учениците и наставниците.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

Бидејќи работата на училишната библиотека е тесно поврзана со целокупната воспитно-образовна дејност што се реализира во училиштето, нејзините цели и задачи се непосредно поврзани со целите и задачите утврдени во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година.

Покрај општите воспитно-образовни задачи, библиотеката има и специфични цели кои се однесуваат на учениците, наставниците, родителите и поширокаата заедница.

Главните цели и задачи на училишната библиотека се:

- Училишната библиотека функционира како составен дел од училиштето.
- Обезбедува библиотечен фонд, информации и други стручни услуги во функција на воспитно-образовниот процес и развојот на компетенциите на учениците и наставниците.
- Библиотечниот фонд се формира во согласност со наставните планови и програми и потребите на наставниците.
- Библиотеката обезбедува позајмување на книги и други материјали, како и информативни услуги преку печатени и електронски извори.

- Училишната библиотека соработува, во рамките на својата дејност, со јавните и другите библиотеки.
- Го поттикнува развојот на навиките за доживотно учење кај учениците.
- Остварува соработка со учениците, наставниците и родителите со цел успешно реализирање на воспитно-образовните цели на училиштето.
- Врши систематско информирање на корисниците (ученици, наставници и други) за нови книги, весници и списанија.
- Соработува со наставниците, особено со наставниците по мајчин јазик и литература, при организирање предавања и средби со личности од различни области (театар, филм, музика, уметност и др.), како и литературни читања и средби со писатели, поети, актери и други културни дејци.

СТРУКТУРА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

Структурата на Годишната програма за работа на библиотеката ги опфаќа најзначајните задачи преку кои се реализираат библиотечните активности во училиштето. Таа е организирана во следните програмски области:

1. Воспитно-образовна работа со учениците;
2. Соработка со учениците, наставниците и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно работење и други стручни работи;
5. Професионално усовршување.

Воспитно-образовна работа со учениците

Воспитно-образовната работа со учениците ги опфаќа секојдневните активности на библиотеката, и тоа:

- Запишување на учениците во училишната библиотека;
- Развивање на читачките навики кај учениците;
- Оспособување на учениците за правилен избор на литература;
- Развивање навики за внимателно користење и зачувување на библиотечниот материјал;
- Грижа за навремено враќање на позајмените книги;
- Соработка со автори на учебници и друга соодветна литература.

Соработка со учениците, наставниците и родителите

Оваа програмска област ги опфаќа следните активности:

- *Соработка со наставниците за примена на современи форми и методи во воспитно-образовниот процес;*
- *Користење на стручна литература;*
- *Соработка со учениците, наставниците и родителите за збогатување на библиотечниот фонд;*
- *Реализација на акцијата „Донирај книга за училишната библиотека“.*

Културна и јавна дејност

Оваа програмска област ги опфаќа следните активности:

- *Организирање и реализација на културни активности и посети на културни настани;*
- *Посета на Саемот на книгата – Тетово 2026 и набавка на училишни лектири за библиотеката;*
- *Организирање изложби по повод училишните и националните празници;*
- *Одбележување на Месецот на книгата;*
- *Соработка со издавачки куќи;*
- *Соработка со Градската библиотека во Тетово.*

Библиотечно работење и други стручни работи

Оваа програмска област се темели на следните активности:

- *Организирање и реализација на проектот „Бесплатни книги“;*
- *Планирање и реализација на активности за збогатување на библиотечниот фонд и други библиотечни материјали;*
- *Соработка со учениците, наставниците и родителите во реализацијата на професионални активности поврзани со севкупната работа на училиштето и поширокаата заедница;*
- *Информирање за современата литература и можностите за нејзина набавка.*

Професионално усовршување

Како и сите носители на воспитно-образовната дејност во училиштето, и училишниот библиотекар во текот на учебната година планира активно учество на семинари, стручни состаноци и други форми на обука организирани од надлежните институции, здруженија и невладини организации, со цел континуирано професионално усовршување и унапредување на квалитетот на својата работа.

Куќен ред на училишната библиотека

Библиотеката служи како место за користење на книги и други библиотечни материјали. Затоа, од сите корисници се очекува да придонесуваат за одржување на тивка, пријатна и уредна атмосфера.

Во библиотеката не е дозволено:

- *Консумирање храна и алкохолни и безалкохолни пијалаци;*
- *Пушење;*
- *Користење мобилни телефони;*
- *Гласно разговарање и нарушување на редот и тишината.*

Начин на користење на библиотечниот фонд

- *Книгите од кои библиотеката располага со повеќе примероци можат да се позајмат на период до 14 дена.*
- *Учебниците и наставните материјали од кои библиотеката има само еден или неколку примероци можат да се користат само еден ден, со цел да бидат достапни и за другите ученици и наставници.*

Позајмувањето на книгите се врши лично од страна на учениците.

Во училишната библиотека не се води азбучен каталог. Книгите ги пронаоѓа библиотекарот и лично му ги предава на корисникот.

Во случај на оштетување на книга, корисникот е должен да ја надомести причинетата штета. Доколку книгата е значително оштетена, неупотреблива или изгубена, корисникот е должен во рок од 30 дена да обезбеди нов ист или соодветен примерок. Доколку тоа не е можно, должен е да ја надомести вредноста на книгата според нејзината пазарна цена.

Користење на компјутерската опрема

Во библиотеката има еден компјутер и печатач.

Компјутерот може да се користи за:

- *Пристап до интернет;*
- *Користење на електронска пошта (e-mail);*
- *Подготовка и презентирање на едукативни содржини и други потребни активности.*

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

СЕПТЕМВРИ

АКТИВНОСТ	**НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ**
Подготовка на Годишната програма за работа на училиштето и Годишната програма за работа на училишната библиотека.	Директор, библиотекар, педагог
Евидентирање и класификација на библиотечниот фонд (лектири, списанија, енциклопедии, DVD, CD, литература за наставници, брошури и друга литература).	библиотекар,
Распределба на учебниците во рамките на проектот „Бесплатни учебници за секој ученик“. “	библиотекар, комисија Одделенски раководители
Запишување на новите членови во училишната библиотека.	библиотекар,
Издавање и прием на лектири и друга литература за учениците и наставниците.	библиотекар,
Соработка со наставниците и учениците за набавка на потребната дополнителна литература.	библиотекар, наставниците, учениците
Избор на „Најдобар читател на месецот“ за септември.	библиотекар, наставниците
Формирање тим за подготовка и издавање на училишниот весник.	библиотекар, наставниците, учениците

ОКТОМВРИ

АКТИВНОСТ	**НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ**
Соработка со тимот за подготовка на материјалите за издавање на училишниот весник.	Библиотекар, комисија Одделенски раководители
Реализација на акцијата „Да дониграме книга за училишната библиотека“.	библиотекар, наставниците, учениците
Координација на активностите за одбележување на Денот на училиштето.	библиотекар, наставниците, учениците
Збогатување на библиотечниот фонд со нови лектири и друга стручна литература.	библиотекар, наставниците, учениците
Избор на „Најдобар читател на месецот“ за октомври.	библиотекар, наставниците, учениците

Одбележување на Месецот на книгата со организирање изложба посветена на книгата.	библиотекар, наставниците, учениците

НОЕМВРИ

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Организирање и реализација на изложба по повод Денот на училиштето и Денот на албанското знаме.	библиотекар, ученици, стручни активи
Соработка со тимот за подготовка на материјалите за издавање на училишниот весник.	библиотекар, комисија, одделенски раководители
Координација на активностите за одбележување на Денот на училиштето и Денот на албанското знаме.	библиотекар, наставниците, учениците
Збогатување на библиотечниот фонд со нови лектири и друга стручна литература.	библиотекар, наставниците, учениците
Избор на „Најдобар читател на месецот“ за ноември.	библиотекар, наставниците, учениците
Реализација на активности со читателите на тема „Нашиот однос кон книгата“ – правилен избор на литература, правилно читање, внимателно користење и чување на книгите, како и нивно навремено враќање во библиотеката.	библиотекар, наставниците, учениците

ДЕКЕМВРИ - ЈАНУАРИ

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Реализација на активности за правилно користење на речници и енциклопедиски изданија.	библиотекар, наставниците, учениците
Соработка со тимот за подготовка на материјалите за издавање на училишниот весник.	библиотекар, комисија, одделенски раководители
Организирање активности по повод Новогодишните празници.	библиотекар, наставниците, учениците
Давање насоки и препораки за активностите на учениците за време на зимскиот распуст (прво полугодие).	библиотекар, наставниците, учениците
Збогатување на библиотечниот фонд со нови лектири и друга стручна литература.	библиотекар, наставниците, учениците
Избор на најчитана книга и најдобар читател за првото полугодие.	библиотекар, наставниците, учениците

ФЕВРУАРИ

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Активности за украсување на училишните простории со ученички изработки.	библиотекар, наставниците, учениците
Запознавање на учениците со библиотечниот фонд и можностите за негово користење.	библиотекар, наставниците, Совет на училиштето
Запознавање со писателите и поетите од локалната средина и нивните литературни изданија.	библиотекар, наставниците, учениците
Избор на „Најдобар читател на месецот“ за февруари.	библиотекар, наставниците, учениците

МАРТ

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Реализација на активности по повод празниците 7 Март – Ден на наставникот и 8 Март – Меѓународен ден на жената.	библиотекар, наставниците, учениците
Објавување конкурс за избор на најдобра ученичка поезија.	библиотекар, наставниците, учениците
Реализација на активности на тема „Запознавање со видовите литература и позитивното влијание на литературата врз воспитно-образовниот процес кај учениците“.	библиотекар, наставниците, учениците
Издавање и прием на лектири и друга литература за учениците и наставниците.	библиотекар, наставниците, учениците
Избор на „Најдобар читател на месецот“ за март.	библиотекар, наставниците, учениците

АПРИЛ

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Организирање изложба по повод 1 Април – Денот на шегата.	Библиотекар, ученици
Соработка со родителите и нивно информирање за работата на училишната библиотека и библиотечниот фонд.	Библиотекар, родители
Реализација на активности за подготовка и издавање на училишниот весник.	Библиотекар, наставници, ученици

Издавање и прием на лектири и друга литература за учениците и наставниците.	Библиотекар
Избор на „Најдобар читател на месецот“ за април.	Библиотекар, наставници, ученици
Подготовка и издавање на училишниот весник	Директор, библиотекар, наставници, ученици

М А Ј

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Соработка со Градската библиотека. Учество на литературниот конкурс организиран од Градската библиотека.	Библиотекар, наставници, ученици
Активности за уредување и организација на просторот на училишната библиотека.	Библиотекар, наставници, ученици
Издавање и прием на лектири и друга литература за учениците и наставниците.	Библиотекар, наставници, ученици
Избор на „Најдобар читател“ и „Најчитана книга“ за учебната 2026/2027 година.	Библиотекар, наставници, ученици

ЈУНИ

АКТИВНОСТ	НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ
Собирање на учебниците во рамките на проектот „Бесплатни учебници за секој ученик“.	Библиотекар, одделенски раководители, ученици
Реализација на активности по повод завршувањето на учебната година – евидентирање на книгите и останатиот библиотечен материјал.	библиотекар
Спроведување анкета на тема „Што ќе читаме за време на летниот распуст?“	наставници, ученици
Подготовка на статистички извештаи за работата на библиотеката по повод завршувањето на учебната година.	Библиотекар, наставници
Подготовка на Годишниот извештај за работата на училишната библиотека за учебната 2026/2027 година.	библиотекар

Библиотекар, Назлије Демири.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Управен орган на училиштето е Училишниот одбор. Составот, надлежностите и задачите на Училишниот одбор се утврдени со Законот за основното образование и Статутот на училиштето.

Училишниот одбор се состои од седум членови, и тоа:

- Три претставници на наставниците, стручните соработници и воспитувачите;
- Три претставници на родителите на учениците;
- Еден претставник на основачот.

Членови на Училишниот одбор се:

- Лулзим Илјази, Нијази Османи и Мусанив Фејзулахи – претставници на родителите;
- Фатмир Амзаи – претставник на Општина Тетово;
- Вјоса Имери, Шќипе Беќири и Хаќим Бафтјари – претставници на наставниот кадар.

Во работата на Училишниот одбор учествуваат и двајца претставници од Ученичкиот парламент:

- Ера Сејди
- Луан Адили

Согласно Законот за основното образование, Училишниот одбор:

- Го донесува Статутот на основното училиште;
- Предлага Годишна програма за работа и Годишен извештај за работата на училиштето до Советот на Општината;
- Донесува Програма за развој на училиштето;
- Донесува Програма за воведување повисоки стандарди и други програми;
- Му предлага финансиски план на основачот;
- Му предлага завршна сметка на основачот;
- Објавува јавен оглас за избор на директор на основното училиште;
- Спроведува интервјуа со кандидатите за директор;
- Му предлага на градоначалникот еден, односно двајца кандидати за директор од пријавените кандидати на јавниот оглас;
- Дава мислење до директорот при изборот на наставници, стручни соработници и воспитувачи;
- Му предлага на директорот престанок на работниот однос на лицата согласно член 96 став (1) од Законот;
- Одлучува по жалби и приговори на вработените во училиштето;
- Одлучува по жалби на учениците, односно нивните родители/старатели;
- Врши и други работи утврдени со Статутот на основното училиште

Координирајќи ги своите активности со директорот на училиштето и училишните тимови, Училишниот одбор континуирано ќе поттикнува и поддржува активности кои обезбедуваат квалитет во работата на училиштето, унапредување на воспитно-образовниот процес, ефикасно управување и создавање позитивна и безбедна училишна средина.

Нашата цел, како членови на Училишниот одбор на ООУ „Рецеп Вока“ – с. Шипковица, е заеднички да работиме и да придонесуваме за промоција, модернизација и развој на воспитно-образовната дејност во училиштето, затоа што заедништвото е почеток, напредокот е достигнување, а заедничката работа е успех.

Табеларен преглед на активностите на Училишниот одбор

АКТИВНОСТИ	НОСИТЕЛИ	СОРАБОТНИЦИ	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА
Учествува во подготовката на Годишната програма за работа на училиштето.	Членови на Советот	Директор, стручен соработник	Август
Донесува Програма за развој на училиштето.	Членови на Советот	Директор	Август
Ја предлага Годишната програма за работа до основачот.	Членови на Советот	Директор	Август
Распишува јавен оглас за вработување согласно потребите на училиштето.	Членови на Советот	Правник	Декември
Дава мислење за изборот на наставници.	Членови на Советот	Директор	Декември
Му предлага финансиски план на основачот.	Членови на Советот	Директор	Ноември
Го разгледува и усвојува полугодишниот извештај за работата на училиштето.	Членови на Советот	Директор на служба	Јануари
Му ја предлага завршната сметка на основачот.	Членови на Советот	Сметководител, директор	Февруари

Врши надзор над постапките за јавни набавки.	Членови на Советот	Секретар, директор	Во текот на годината
Разгледува жалби и приговори од вработените, родителите и учениците.	Членови на Советот	Директор	Во текот на годината
Врши анализа на реализацијата на поставените цели во текот на учебната година.	Членови на Советот	Директор	Јуни
Ги утврдува приоритетите за наредната учебна година.	Членови на Советот	Директор	Јули, Август
Го разгледува и усвојува Годишниот извештај за работата на училиштето и извештаите за реализираните училишни екскурзии.	Членови на Советот	Директор	Јуни, Јули, Август
Обезбедува финансиски средства преку донации и спонзорства.	Членови на Советот	Директор	Во текот на годината
Врши и други работи во согласност со Статутот на училиштето.	Членови на Советот	Директор	Во текот на годината

Претседател на Советот: Лулзим Илјази.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

Наставничкиот совет е стручен орган на училиштето. Наставничкиот совет го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него раководи директорот на училиштето.

Активностите на Наставничкиот совет се прикажани во табеларниот преглед што следува.

АКТИВНОСТИ	НОСИТЕЛИ	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА
➢ Разгледување на Предлог-годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година.	Директор, наставници, стручна служба	Август
➢ Распределба на работните задачи што произлегуваат од Годишната програма за работа на училиштето.	Директор, наставници, стручна служба	Август
➢ Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците по првото тримесечје.	Директор, наставници, стручна служба	Ноември
➢ Тековни активности и донесување одлуки произлезени од родителските средби.	Директор, наставници, стручна служба	Ноември
➢ Усвојување на успехот и поведението на учениците по првото тримесечје.	Директор, наставници, стручна служба	Јануари
➢ Разгледување на извештајот за работата во првото полугодие од учебната година.	Директор, наставници, стручна служба	Јануари
➢ Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците по третото тримесечје.	Директор, наставници, стручна служба	Април
➢ Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците на крајот на учебната 2026/2027 година.	Директор, наставници, стручна служба	Јуни

➢ Разгледување на извештајот за реализацијата на училишните екскурзии и проектите во училиштето.	Директор, наставници, стручна служба	Јуни
➢ Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето.	Директор, наставници, стручна служба	Јуни
➢ Врши и други работи во согласност со Статутот на училиштето.	Директор, наставници, стручна служба	Во текот на годината

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Работата на Советот на родители во основните училишта е регулирана со Законот за основното образование и Статутот на училиштето. Заради организирано остварување на интересите на учениците, во основното училиште се формира Совет на родители составен од родители на учениците. Во Советот на родители членува по еден претставник од секоја паралелка, избран од родителите на родителска средба.

Советот на родители:

- Дава мислење по Предлог-програмата за развој на основното училиште и Годишната програма за работа;
- Предлага програми за унапредување на стандардите во наставата;
- Дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди;
- Разгледува претставки и жалби од родителите во врска со воспитно-образовната работа;
- Избира претставници во Училишниот одбор;
- Врши и други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Соработката помеѓу училиштето и семејството претставува важна педагошка и психолошка категорија. За успешно реализирање на воспитно-образовниот процес неопходна е континуирана и взаемна соработка помеѓу училиштето и семејството.

ООУ „Рецеп Вока“ – с. Шипковица ќе се стреми кон активно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес, нивно навремено и целосно информирање, како и запознавање со воспитно-образовните цели, наставните задачи и сите промени и реформи во образованието.

Што може да направи Советот на родители во училиштето?

- Да ги согледува реалните потреби, услови и проблеми во училиштето;
- Преку доброволно ангажирање активно да учествува во реализацијата на различни училишни активности во следните области:

  - наставен процес;
  - воннаставни активности;
  - грижа за здравјето на учениците;
  - соработка со локалната заедница;
  - придонесување согласно своите можности, способности и интереси за унапредување на работата на училиштето.

- Да им помага на наставниците во работата со учениците во одделението и во училиштето.
- Да организира и поддржува различни училишни активности, манифестации, презентации, кампањи и слични настани.
- Активно да учествува во решавањето на различни прашања и проблеми во училиштето.
- Да учествува во донесувањето на важни одлуки што се однесуваат на работата и развојот на училиштето.

На тој начин, Советот на родители ќе придонесе за:

- унапредување на работата на училиштето;
- подобрување на постигањата на учениците;
- афирмација и промоција на училиштето во локалната заедница.

Со ваквиот начин на работа ќе се создадат услови учениците да го доживуваат училиштето како свој втор дом.

Бр.	Програмски задачи	Активност	Носител	Соработка	Период
1	Дава мислење по Предлог-годишната програма за работа на училиштето.	Консултации и користење на самоевалуацијата од претходната година	Членови на Советот	Директор , стручна служба	Август
2	Учествува во изготвувањето и донесувањето на Програмата за работа на Советот на родители.		Членови на Советот		Септември
3	Учествува во организацијата и реализацијата на училишните екскурзии.	Учесници во реализацијата на екскурзиите	Членови на Советот	Наставници	Октомври, април, мај
4	Се запознава со успехот, поведението и редовноста на учениците по првото, второто и третото тримесечје, како и на крајот од учебната година.	Анализа на успехот	Членови на Советот	Членови на Советот	Ноември, јануари, април, јуни
5	Дава иницијативи и предлози за успешно остварување на целите и задачите на училиштето.	Помош на училиштето	Членови на Советот	Директор	Во текот на годината
6	Учествува во процесот на евалуација на работата на училиштето.	Подготовка на критериуми за успех	Членови на Советот	Стручна служба	Јуни

7	Делегира свои претставници во Училишниот одбор.	Учество во работата на Училишниот совет	Членови на Советот	Членови на Училишниот совет	Во текот на годината
8	Учество во работата на комисиите за јавни набавки.	Учество	Членови на Советот	Членови на комисијата	Во текот на годината

Претседател на Советот на родители: Лулзим Илјази.

ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКО ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Конкретни цели и активности:

Содржина	Цели	Активности	Временска рамка	Носители
Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата.	Да се проверат предзнаењата на учениците.	Прашалници за ученици	Септември	Наставници по Граѓанско образование и ученици од VIII одделение
Причини и последици од корупцијата.	Да се запознаат со поимите корупција и антикорупција, интегритет и социјален притисок, да ги препознаваат облиците во кои може да се појави корупцијата и начините за нејзино спречување. Да го разберат штетното влијание на корупцијата врз општеството.	Работилница	Октомври	Наставници по Граѓанско образование и ученици од VIII одделение
Стекнување основни знаења за корупцијата и антикорупцијата.	Учениците да се запознаат со поимите корупција и антикорупција, интегритет и социјален притисок, да ги препознаваат облиците во кои може да се појави корупцијата и начините за нејзино спречување; Да го разберат штетното влијание на корупцијата врз општеството; Да ја разберат улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа дејствува.	Предавања и вежби	Ноември	Наставници по Граѓанско образование и ученици од VIII одделение

Активна борба против корупцијата.	Учениците да знаат што значи „спротивставување на социјалниот притисок“; Да ги познаваат облиците во кои може да се појави корупцијата, начините за нејзино спречување и заштита од неа; Да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; Да го разберат штетното влијание на корупцијата врз општеството.	Работилница	Февруари	Наставници по Граѓанско образование и ученици од VIII одделение
Активна борба против корупцијата преку изработка и презентација на постери.	Да се анализира како и кога може да се појави корупцијата и како може да се спречи; да се стават во ситуации во кои ќе имаат активна улога, преку која ќе ја разберат антикорупцијата и потребата од едукација; да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесуваат за развој на граѓанската култура во современото општество.	Работилница	Март	Наставници по Граѓанско образование и наставници по ликовно образование, ученици од VIII одделение
Продлабочување и зајакнување на знаењата на учениците за корупцијата и антикорупцијата	Да се зајакнат знаењата на учениците; да се утврди што научиле учениците од проектот: „Програма за антикорупциско образование на учениците во основните училишта“.	Прашалник за учениците и активности за повторување.	Април	Наставници по Граѓанско образование и ученици од VIII одделение

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ЗЕМЈОТРЕСИ И ДРУГИ ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ


СОДРЖИНА – АКТИВНОСТИ	Цели	Реализатор	Ресурси	Очекувани резултати	Време на реализација
Тестирање на сигналите за опасност.	Утврдување и препознавање на алармниот сигнал за опасност.	Тим за планирање.	План.	Учениците го препознаваат и правилно го разбираат алармниот сигнал.	Септември
Практична вежба за брза евакуација – предметна настава.	Оспособување на тимот за брза и ефикасна реакција.	Тим за брза евакуација.	Шематски план.	Тимот е оспособен за брзо и ефикасно дејствување.	Октомври
Практична вежба за брза евакуација – одделенска настава.	Унапредување на подготвеноста на тимот за навремено дејствување при вонредни ситуации.	Тим за брза евакуација.	Шематски план.	Тимот е оспособен за брзо и организирано спроведување на евакуација.	Ноември
Евалуација на реализираните активности.	Анализа и разгледување на утврдените пропусти при спроведените активности.	Тим на наставници.	План и записник.	Утврдените пропусти се навреме забележани и отстранети.	Февруари
Практична вежба за укажување прва медицинска помош.	Оспособување на тимот за укажување прва помош.	Тим за прва помош.	Медицински материјали.	Успешна и практична интервенција при укажување прва помош.	Април

Евалуација на реализираните активности.	Анализа на позитивните и негативните аспекти од реализираните активности, со цел нивно понатамошно унапредување.	Тим на наставници.	Записници.	Разгледани се понатамошните мерки.	Мај

СОДРЖИНА – АКТИВНОСТИ	Цели	Реализатор	Ресурси	Очекувани резултати	Време
Тестирање на сигналите за опасност.	Утврдување и препознавање на алармниот сигнал за опасност.	Тим за планирање.	План.	Учениците го препознаваат и правилно го разбираат алармниот сигнал.	Септември
Практична вежба за брза евакуација при пожар – предметна настава.	Оспособување на тимот за брзо и ефикасно дејствување при пожар.	Тим за заштита од пожари.	Противпожарни апарати.	Тимот е оспособен за брзо и ефикасно дејствување при пожар.	Ноември
Евалуација на реализираните активности.	Анализа и разгледување на утврдените пропусти.	Тим на наставници.	План и записник.	Утврдените пропусти се навреме забележани и отстранети.	Ноември
Практична вежба за брза евакуација при пожар – одделенска настава.	Унапредување на подготвеноста на тимот за брза интервенција при пожар.	Тим за заштита од пожари.	Противпожарни апарати.	Тимот е оспособен за брза и организирана интервенција.	Февруари
Евалуација на реализираните активности.	Анализа и отстранување на утврдените пропусти.	Тим на наставници.	План и записник.	Утврдените пропусти се анализирани и отстранети.	Февруари
Повторно тестирање на сигналите за опасност.	Проверка на ефикасноста на алармниот систем.	Тим за планирање.	План.	Учениците го препознаваат алармниот сигнал и знаат како да постапат при опасност.	Април
Практична вежба за укажување прва медицинска помош.	Оспособување на тимот за укажување прва медицинска помош.	Тим за прва помош.	Медицински материјали.	Успешна и практична интервенција при укажување прва медицинска помош.	Мај
Евалуација на реализираните активности.	Анализа на позитивните и негативните аспекти од реализираните активности, со цел нивно понатамошно унапредување.	Тим на наставници.	Записници.	Разгледани се понатамошните мерки за подобрување на заштитата и безбедноста.	Мај


ПЛАН ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Скица на училишните простории – Шипковица
ПОДРУМСКИ ПРОСТОРИИ И ПРИЗЕМЈЕ;



ИЗЛЕЗ И ЕВАКУАЦИЈА


во случај на природна елементарна непогода – земјотрес, пожар или поплава.



ИЗЛЕЗ И ЕВАКУАЦИЈА

во случај на природни елементарни непогоди – земјотреси, пожари или поплави.

ПРОСТОРИИ НА ВТОРИОТ КАТ




ЕВАКУАЦИЈА И ИЗЛЕЗ ОД ВТОРИОТ КАТ ПРЕКУ ПРВИОТ КАТ И ПОМОШНИОТ ИЗЛЕЗ

Во случај на елементарни непогоди, како што се земјотрес, пожар или поплава, евакуацијата на учениците и вработените од вториот кат се врши преку првиот кат и помошниот излез, согласно Планот за евакуација и безбедносните процедури на училиштето.

Евакуацијата од спортската сала во Шипковица се реализира преку посебен излез. Спортската сала претставува посебен објект кој ги исполнува сите технички услови за безбедна евакуација и заштита, во согласност со важечките стандарди и прописи.

СКИЦА НА УЧИЛИШНИТЕ ПРОСТОРИИ
ПРИЗЕМЈЕ – ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ с. БРОДЕЦ

КАБИНЕТ



ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Општа цел

Подобрување на квалитетот на животот на учениците со потешкотии во учењето и поттикнување на нивниот развој, согласно мотото „Училиште прилагодено на детето“.

Специфични цели

1. Спроведување, развивање и следење на моделот на добра инклузивна практика во училиштето.
2. Обезбедување и унапредување на квалитетот на наставата за учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби.

Задачи за реализација на инклузивното образование

- Донесување на план и програма за работа.
- Организирање активности согласно Програмата за работа.
- Соработка со институции кои обезбедуваат поддршка и придонесуваат за унапредување на инклузивното образование.
- Анализа на моменталната состојба во училиштето и идентификација на учениците со потешкотии во учењето и потреба од дополнителна образовна поддршка.
- Поддршка при изготвување, спроведување, следење и евалуација на индивидуалните образовни планови.
- Следење и оценување на постигнувањата на учениците и квалитетот на реализацијата на програмата.
- Водење педагошка документација и досие за секој ученик.
- Обезбедување дополнителна поддршка за учениците со посебни образовни потреби.
- Обезбедување дополнителна поддршка за наставниците при планирањето, реализацијата и нивниот професионален развој.
- Следење на воспитно-образовниот процес и обезбедување дополнителна поддршка за родителите на учениците со посебни образовни потреби.

АКТИВНОСТИ	СОДРЖИНА	РЕАЛИЗАТОР	ВРЕМЕ	РЕЗУЛТАТИ
Подготовка на програмата за работа на Инклузивниот тим	Планирање и организација на работата со деца со потешкотии и пречки	Инклузивен тим	Август – Септември	Подобрување на климата во училиштето и успехот на учениците
Анализа на актуелната состојба во училиштето на почетокот на учебната година	Идентификација на сите деца со потешкотии и пречки	Стручна служба	Септември – Октомври	Прилагодување и подобрување на успехот на учениците
Вклучување на децата со посебни потреби во прво одделение	Идентификација на сите деца со потешкотии и пречки	Инклузивен тим	Септември	Прилагодување на учениците кон новата средина
Планирање на работата со ученици со посебни потреби	Подготовка на индивидуална програма	Инклузивен тим	Септември – Октомври	Знаења според нивните можности и способности
Дополнителна помош и поддршка на учениците со посебни потреби и способности	Опсервација на ученикот	Стручна служба	Септември – Октомври	Запознавање со нивните можности и способности
Следење на успехот на учениците со посебни способности и потреби.	Досие за постигањата на учениците.	Инклузивен тим	Во текот на годината.	Мотивација, зголемување на самодовербата и афирмација на учениците.

Соработка со наставниците кои имаат вклучени деца со посебни потреби	Подготовка на индивидуални планови и нивна реализација	Инклузивен тим	Во текот на годината	Подобри можности за напредување на учениците со посебни потреби.
Поддршка и помош на родителите на учениците со посебни потреби	Вклучување на родителите во работата со учениците	Инклузивен тим, Родители	Во текот на годината	
Информирање на родителите за постигањата на нивните деца	Одржување на редовна комуникација	Инклузивен тим, родители	Во текот на годината	Подобрување на климата во училиштето и успехот на учениците
Сензибилизација на родителите и другите ученици за инклузијата во училиштето	Одржување на работилници	Инклузивен тим	Во текот на годината	Подобрување на климата во училиштето и успехот на учениците
Едукација на редовните ученици за надминување на предрасудите кон учениците со посебни потреби	Подготовка на оперативен план и негова реализација	Инклузивен тим	Во текот на годината	Подобрување на климата во училиштето и вклучување на учениците со посебни потреби
Зголемување на професионалните компетенции на другите наставници за работа со овие деца	Учество на семинари, работилници и консултации	Инклузивен тим	Во текот на годината	Подобрување на климата во училиштето и успехот на учениците
Евалуација на постигањата.	Постигнат успех.	Инклузивен тим	Септември – Октомври	Подобрување на развојот на децата со посебни потреби.

КОДЕКС НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

- Сите вработени во училиштето се должни совесно и одговорно да ги извршуваат работните задачи што спаѓаат во нивните надлежности, во согласност со важечките законски прописи.
- Да го почитуваат куќниот ред на училиштето.
- Техничкиот персонал е должен редовно и навремено да ги одржува чисти училниците, ходниците и останатите простории на училиштето.
- Техничкиот персонал треба да соработува со наставниците, стручните соработници и директорот и да постапува согласно потребите на наставниот процес.
- Секој вработен е должен навремено да пристигнува на своето работно место.
- Вработениот треба совесно, одговорно и самостојно да ги извршува своите работни задачи. Во текот на работата не смее да врши дискриминација врз другите вработени или учениците по основ на вера, раса, возраст, пол или економски статус, ниту да влегува во каков било вид конфликт.
- Вработениот е должен да одржува коректна и професионална комуникација со другите вработени, без навреди, омаловажување или вербални конфликти.
- Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часови, освен кога тоа е неопходно поради службени обврски предвидени за тој ден.
- Вработениот е должен да одржува коректна комуникација и да биде достапен за родителите и учениците во текот на работното време или во термините определени за прием.
- Со своето однесување, професионалност, личен пример и култура на комуникација, вработениот треба да биде пример за учениците и за останатите вработени во училиштето.

ДИРЕКТОР

Мериде Саити

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

1. Учениците се должни да пристигнат во училиштето 5 минути пред почетокот на наставата.
2. По завршувањето на наставата и воннаставните активности, ученикот е должен да се упати дома.
3. Отсуствата на учениците се евидентираат во дневникот, а нивното оправдување го врши одделенскиот раководител.
4. Облекувањето на учениците треба да биде пристојно, скромно и соодветно на училишната средина.
5. За време на малиот одмор учениците треба да се подготват за следниот наставен час и да не се движат без потреба низ ходниците.
6. Доколку наставникот од која било причина не е присутен на часот, учениците не смеат да ја напуштат училницата без дозвола од одделенскиот раководител или друг наставник.
7. За време на наставниот час учениците се должни да бидат во училницата, освен ако наставникот не одлучи поинаку.
8. Учениците се должни да ја одржуваат хигиената во училиштето.
9. Не се дозволува неоправдано отсуство или напуштање на наставните часови.
10. Во училиштето е строго забрането пушење.
11. Учениците се должни да го чуваат училишниот инвентар. Секоја намерно предизвикана штета ќе биде надоместена.
12. Забрането е користење на санитарните јазли наменети за спротивниот пол.
13. Во училиштето е забранета употребата на мобилни телефони за време на наставата, освен ако наставникот не дозволи нивно користење за образовни цели.
14. Во училиштето е забрането носење и истакнување верски и партиски обележја.

КУЌЕН РЕД НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ООУ „РЕЏЕП ВОКА“ – с. ШИПКОВИЦА, ТЕТОВО

Со Куќниот ред на училиштето се уредуваат редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и воспитно-образовниот процес во училиштето. Согласно Законот за основното образование и Статутот на училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и другите форми на воспитно-образовна работа, но истовремено имаат и обврски кои се должни да ги почитуваат и исполнуваат.

- Наставата во училиштето се реализира во една смена во двата училишни објекти. Првата смена започнува во 07:30 часот.
- Главниот влез на училиштето е наменет за влез на наставниците, учениците и другите службени лица и посетители.
- Главната порта на училишниот двор ја користат учениците.
- Наставничката канцеларија е наменета исклучиво за наставниците, а не за учениците и родителите.
- Во секоја паралелка, на видно место, е истакнат Кодексот на однесување на учениците.
- На видно место во двата училишни објекти е истакнат распоредот на часовите.
- За училишниот инвентар се одговорни дежурните ученици, одделенските заедници, како и одделенските и предметните наставници.
- Движењето низ ходниците треба да биде мирно, без трчање, туркање и скокање.
- Учениците се должни личните работи да ги чуваат во училницата или да ги носат со себе и самите се одговорни за нив.
- За секое намерно оштетување на училишниот имот се изрекуваат соодветни педагошки мерки.
- Строго е забрането пишување, цртање или оштетување на ѕидовите и другите делови од училиштето.
- Во училиштето строго е забранета секоја форма на насилство.
- Ниту еден од субјектите во училиштето нема право да го оштетува училишниот имот, да внесува надворешни лица без оправдана причина или да внесува недозволени супстанции (дрога, алкохол, запаливи материи и други опасни средства) со кои би се загрозило здравјето и безбедноста на учениците и вработените.
- Строго е забрането пушење во училиштето и во училишниот двор.
- Дежурните наставници ја извршуваат својата должност во училишните ходници според распоред утврден од директорот.

- За време на наставните часови, редот во ходниците го одржуваат дежурните наставници.
- Доколку е потребна замена на наставен час, наставникот е должен навремено да го извести директорот.
- Секој вработен е должен навремено да го извести директорот за своето отсуство.
- Родителите се примаат во однапред утврдени термини кај предметните и одделенските наставници, а кај стручната служба според потребите и договорот. Секој наставник има определен ден и термин за соработка со родителите, кој е јавно истакнат.
- Не е дозволено наставниците без оправдана причина да го напуштаат наставниот час за разговор со родители. Исклучок се само итни случаи. За време на наставата не е дозволена употреба на мобилен телефон, освен кога тоа е неопходно за службени потреби.
- Наставниците се должни навремено да ги информираат учениците за распоредот на дополнителната, додатната настава и слободните ученички активности.
- Вработените, учениците и родителите се должни во училиштето да доаѓаат со пристојна и соодветна облека.
- Во училиштето е забрането носење и истакнување верски и партиски обележја.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Планирана активност	Цели	Реализатори	Време	Ресурси	Очекувања
Избор на раководство на ученичкиот парламент	Да се избере раководството на ученичкиот парламент	Педагог, ученици	Септември	Предлози	Избрани членови предложени од учениците
Разгледување и усвојување на програмата за работа	Да се разгледа и усвои програмата	Педагог, ученици	Септември	Ученици	Усвоена програма за работа
Недела на детето – прием на учениците од прво одделение	Одбележување на Неделата на детето	Наставници, ученици	Октомври	Флаери, дефилеа	Свечен прием на учениците од прво одделение
Активности за 11 Октомври	Одбележување на 11 Октомври	Наставници, ученици	Октомври	Реферат	Одбележување на 11 Октомври
Активности за 28 Ноември – Денот на училиштето и Денот на знамето.	Одбележување на 28 Ноември.	Наставници, ученици	Ноември	Претстава	Одбележување на 28 Ноември.

Анализа на успехот и редовноста на учениците	Да се направи анализа на успехот и редовноста	Педагог, ученици	Во текот на годината	Ученици	Информирање во врска со успехот и редовноста
Организирано уредување на училниците за Нова година	Одбележување на новогодишните празници	Наставници, ученици	Декември	Ученици, родители	Одбележување на новогодишните празници
Одбележување на празникот 7 и 8 Март.	Одбележување на 7 и 8 Март.	Наставници, ученици	Март	Ученици, родители	Одбележување на 7 и 8 Март.

Одбележување на Денот на екологијата – 21 Март	Одбележување на 21 Март	Педагог, ученици	Март	Наставници, ученици	Запознавање со важноста на зачувувањето на животната средина
Ден на шегата – 1 Април.	Одбележување на 1 Април.	Педагог, ученици	Април	Ученици	Одбележување на 1 Април.

Одбележување на 1 Мај и 24 Мај	Одбележување на празници	Наставници, ученици	Мај	Флаери, дефилеа	Одбележување на празници
Избор на ученик на генерацијата	Вклучување на учениците во избори	Училишна комисија	Јуни	Реферат	Учество на учениците во избори
Извештај за работата на ученичкиот парламент.	Одговорни ученици	Наставници, ученици	Јуни	Претстава	Разгледување на работата

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

ВОВЕД

